УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
ФАКУЛТЕТ ЗА УЧИТЕЛИ И ВОСПИТУВАЧИ - БИТОЛА

# БИТОЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ

## III

БИТОЛА, 2000 год.

**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**
**ФАКУЛТЕТ ЗА УЧИТЕЛИ И ВОСПИТУВАЧИ-БИТОЛА**

# *БИТОЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ*

## *III*

## *БИТОЛА ВО XIV И XV ВЕК*

UNIVERSITY "St. KLIMENT OHRIDSKI"
FAKULTET ZA UÈITELI I VOSPITUVAÈI-BITOLA

# BITOLA THROUGH CENTURY

## III
## BITOLA IN THE XIV AND XV CENTURY

BITOLA, 2000

**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**
**ФАКУЛТЕТ ЗА УЧИТЕЛИ И ВОСПИТУВАЧИ-БИТОЛА**

# БИТОЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ

# III

## БИТОЛА ВО XIV И XV ВЕК

**БИТОЛА, 2000 год.**

**Издавач:**
Факултет за учители и воспитувачи-Битола

Библиотека: *Историски теми*

**За издавачот**
Проф. Симеон СИЛЈАНОВСКИ, акад. сликар - декан

**Редакција:**
Д-р Александар СТЕРЈОВСКИ, одговорен уредник
Д-р Драган ЈАНКОСКИ
Д-р Златко ЖОГЛЕВ
Д-р Трајко ОГНЕНОВСКИ, техн. уредник

**Рецензенти:**
Д-р Павле МИТРЕСКИ
Д-р Вецко СОВРЕСКИ

CIP - Каталогизација во публикација, Матична и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Битола.

911.375 (497.17 Битола) : 93"13/14" (063)

**ЈАВНА трибина "Битола во XIV и XV век" (1999; Битола)**
Битола низ вековите. 3, Битола во XIV и XV век / [одговорен уредник Александар Стерјовски; ]. - Битола : Факултет за учители и воспитувачи, 2000. - 57 стр.; 24 см.-
(Библиотека Историски теми)

На наспор. насл. стр.: Bitola through century. III, Bitola in the XIV and XV century. - Тираж 300. - Фусноти кон текстот.
1. Гл. ств. насл. 2. Стерјовски, Александар
а) Битола - Историја - 14-15 в.

**COBISS-ID 7721793**

Според мислењето на Министерството за култура на Република Македонија, за списаниево се плаќа повластена даночна стапка.
Изданието се печати со финансиско учество на Министерството за наука на Република Македонија.

Александар СТЕРЈОВСКИ

# ВОВЕД

Факултетот за учители и воспитувачи при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, во кого има и историска катедра, покренувајќи ја ЈАВНАТА ТРИБИНА со тема „Битола низ вековите“, пред три години направи значаен потег во претпразничното ноемвриско славје и ја погоди големата желба на многубројните битолчани кои сакаат да ја откриваат душата на својот град и кои сакаат да ги запознаваат своите корења. Така, лесно и популарно, но и со научна постапка започнаа да се отпластуваат и да се вадат наслагите што ги остави времето во овој град.

За Битола, впрочем, има што да се каже. Таа има и длабока и бурна историја. Напати беше и епицентар на значајни, па и судбински настани.

Се почна со X и XI век, а денес се откриваат XIV и XV век. Ова е историска пресвртница. Многу работи од корен се менуваат. Дојдоа нови, непоканети и сурови дојденци кои донесоа нова култура, нова религија, нова храна, нова облека, ново законодавство, нова општествена поделба, нова архитектура. Сѐ се измени и се постави на нови основи. Дојдоа и нови епски јунаци, како наши национални заштитници и симболи на непокорот. На хоризонтот се појави и горостасната фигура на Марко Крале.

Дел од сето тоа ќе биде денес интерес на Јавнава трибина. Ќе настапат шест научни работници со посебни теми, но сите заедно поврзани меѓусебно, зашто третираат ист период. Како што е вообичаено и практикувано во предходните јавни трибини, посетителите

на крајот ќе можат да го задоволат своето љубопитство и со поставување прашања.

Пред да преминеме на најавениот редослед на рефератите и на промоцијата на минатогодишниот зборник, на „Битола низ вековите II“, должен сум да ги поздравам претставниците на организаторот, ректорот на нашиот универзитет, проф. д-р Божидар Маслинков и деканот на Факултетот за учители и воспитувачи, проф. Симеон Силјановски, благодарност и на Домот на културата - Битола.

Му давам збор на писателот Радован П. Цветковски, кој ќе ја претстави книгата „Битола низ вековите II“.

3.XI.1999
Битола

Кочо СИДОВСКИ

# Битола и Битолско во XIV век до потпаѓањето под турска власт

Обновеното Византиско царство во политички и територијален поглед претставувало само бледа сенка на некогашното моќно царство. Голем дел од некогашните византиски територии останал надвор од границите на реставрираното Царство, а некои од нив биле засекогаш загубени. Обидите на Михаил VIII Палеолог (1259–1282) да ѝ ја врати на Византија некогашната супрематија на Балканот, загубена со освојувањето на Цариград од страна на крстоносците во 1204 година, завршувале најчесто без успех. Реставрираното царство никогаш повеќе не го достигнало обемот на поранешните граници, а не успеало долго да ги задржи ниту новите, значително потесни граници.

Во обновеното Византиско царство, Пелагонија набрзо станала погранична област спрема српската држава. За разлика од Византија, младата српска држава на Немањиките се наоѓала во постојан подем и во обновената борба за превласт на Балканот, успешно му се спротивставувала на Византиското царство.

Што се однесува до Пелагонија нова етапа во нејзината историја под византиска власт започнала со избувнувањето на граѓанската војна во Византија во 1321 година помеѓу стариот цар Андроник II и неговиот внук Андроник III. Војната ги зафатила сите територии на Цар-

ството. Војната ја добил Андроник III која со прекини траела сè до 1328 година.[1]

Од почетокот на војната Пелагонија заедно со другите области од Македонија, останала на страната на Андроник II и не му се приклучила на побунетиот млад цар. Треба да се каже дека таа во почетокот не ни била директно засегната од војната, бидејќи главните настани се одигрувале во Тракија каде што се наоѓал центарот на бунтот на Андроник III. Меѓутоа, во последната етапа од граѓанската војна (1327–1328), кога воените судири се пренеле и на тлото на Македонија, воениот виор ја зафатил и Пелагонија.

Решавачки момент во војната помеѓу царевите претставувало потчинувањето на Солун и на другите области на Македонија од страна на младиот цар во последната етапа од војната, која започнала во 1327 година. По освојувањето на Солун, во релативен кус временски период на Андроник III му се предале најпознатите македонски градови, како: Сер, Воден, Бер, Костур и Охрид.[2]

Од Охрид, Андроник III, според известувањата на Кантакузин, заедно со своите приврзеници се упатил во Пелагонија за да ги преземе и другите области и да покаже дека не се плаши од српскиот крал Стефан Дечански, за кого дознал дека се наоѓа на границите на неговата држава. Врз основа на изворите не е можно попрецизно да се утврди кои градови во Пелагонија ги освоил Андроник III. Со сигурност единствено се знае дека не успеал во целост да го оствари својот план за потчинување на Пелагонија, бидејќи северните делови на рамнината со Прилеп останале и натаму во рацете на привржениците на стариот цар. Меѓутоа во текот на натамошните настани во 1328 год. привржениците на Андроник III влегле во Цариград.

По влошувањето на односите со Србија Андроник III решил нападот на Србија да го изведе од Пелагонија. По темелните подготовки во почетокот на летото 1330 година Адроник III дошол со војската во Пелагонија. Меѓутоа подоцна по поразот на Бугарија од Србија кај Велбужд Андроник III го напуштил логорот во Пелагонија и се повлекол кон Цариград. Повлекувањето на византискиот цар, Стефан Дечански, по сè изгледа го искористил за освојување на некои византиски погранични утврдувања, а исто така и за враќање на некои кои Византијците ги освоиле пред битката кај Велнужд. Меѓутоа, тоа

1 Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, 468.

2 Г. Острогорски, op. cit., 471, Коста Аџиевски, Пелагонија во средниот век, Скопје 1994, 164.

битно не ја изменило ситуацијата во пограничните области меѓу двете држави. Пелагонија и натаму останала погранична област во чија непосредна бизина минувала византиско-српската гранична линија.[3]

Во поглед на административното уредување се смета дека од 1321 година Битола било можно да претставувала самостојна административна единица, најверојатно катепаникија, независна од Прилеп, кој, исто така, бил седиште на самостојна административна единица. Меѓутоа, сепак, тешко е со сигурност да се утврди дали Пелагонија во административен поглед била поделена на две самостојни административни единици, или пак претставувала единствена територијално–административна агломерација. Но треба да се истакне дека Византијците називот „Пелагонија“ најчесто го употребувале за да го означат градот Битола, а многу поретко за означување на областа. До почетокот на третата деценија на XIV век Пелагонија во административен поглед претставувала единствена територијално-административна агломерација чие седиште се наоѓало во Прилеп. Тогаш, се чини, била поделена на две независни административни единици со седишта во Прилеп и Битола, од кои последната изгледа имала ранг на катепанат.[4] Треба да се спомене дека во понатамошниот тек на настаните Битола сè помалку се споменува во историските извори а нејзиното место го зазема Прилеп.

Нова етапа во византиско–српските односи настапила со доаѓањето на српскиот престол на младиот крал Стефан Душан (1331–1355), чие владеење претставува врв на територијалното и надворешно политичкото издигнување на српската средновековна држава. Со владеењето на Стефан Душан всушност започнала последната етапа од ширењето на српската држава кон југ. На ударот на новата српска офанзива први се нашле византиските погранични територии меѓу кои истакнато место заземала Пелагонија. Веќе во првиот налет, српската војска навлегла во Пелагонија и ѝ го одзела на Византија поголемиот дел од рамнината. Во современите извори има малку податоци за српското освојување на Пелагонија, па поради тоа е мошне тешко да се изврши детална реконструкција на овој настан.[5]

Врз основа на изворите кои се достапни на истражувачите не е можно со сигурност да се утврди како се одвивало освојувањето на Пелагонија. Сигурно се знае, единствено, дека српската војска не успе-

---

3 Коста Аџиевски, op. cit., 170–171.

4 Ibidem, 176.

5 Ibid., 178.

ала да ја освои целата територија на рамнината, бидејќи нејзиниот јужен дел со Лерин останал и натаму под византиска власт. Воените операции биле прекинати со мирот склучен на 26 август 1334 година на реката Галик во близината на Солун.[6]

Според одредбите на мировниот договор, Пелагонија била поделена помеѓу Византија и Србија. Лавовскиот дел ѝ припаднал на Србија во чиј состав биле вклучени пространите територии на Северна и Средна Пелагонија а исто така и соседната Мариовкса област со Чемрен, која гравитира кон Пелагонија. Византија го задржала само јужниот дел од Пелагониската рамнина со Лерин кој со мирот ѝ бил вратен на Византија.[7]

Мирниот период во византиско-српските односи што настанал по преговорите кај Солун ја одложил за неколку години натамошната експанзија на српската држава кон југ, а со тоа и српското освојување на јужните делови на Пелагонија. На тој начин, рамнината повеќе од седум години останала поделена помеѓу српската држава и Византиското царство.

Пријателските односи помеѓу двете држави, траеле сè до ненадејната смрт на византискиот цар, во јуни 1341 година. По неговата смрт, Душан ја нападнал Византија. Со новото српско продирање кон југ, по сè изгледа, била ликвидирана византиската власт во Јужна Пелагонија. Од територијата на Пелагонија Душан го извршил нападот на Воден, бидејќи таа била, од сите територии што тогаш ги држеле Србите, најблиска до Воден и најпогодна за напад на овој град. Покрај тоа, за нападот секако бил користен и патот Виа Егнација, бидејќи во тоа време српската војска до Воден можела да стигне единствено по трасата на овој пат, која како што е познато минувала низ јужните делови на Пелагониската Рамнина. Сето тоа оди во прилог на претпоставката дека нападот на Воден Србите го започнале од Пелагонија, користејќи ја трасата на Виа Егнација. Користењето на овој пат имало големо значење за српската експанзија и за продирањето на српската војска во Западна и Јужна Македонија.

На тој начин, пролетта 1342 година, била ликвидирана византиската власт во Јужна Пелагонија а Византија засекогаш била истисната од рамнината. Византиската власт била заменета со српска. Со целата

---

6 Г. Острогорски, op. cit., 471.

7 Томо Томоски, Белешки по повод воениот поход на Андроник III во Македонија во 1330 год. Македонија низ вековите. Скопје 1999, 64.

територија Пелагонија влегла во составот на српската средновековна држава.

Паѓањето на Пелагонија под српска власт имало големо значење за натамошната експанзија на српската држава кон југ. Иако не се располага со директни податоци, се верува дека во еден период (до освојувањето на Воден и Костур) и Стефан Душан по примерот на Византиицтите, ги користел воено-стратегиските природни погодности на рамнината за подготвување на војската и за преземање нови походи против Византија. Притоа од особено значење било користењето на патот Виа Егнација, кој ѝ овозможувал на српската војска да продре кон Солун и кон териториите на Јужна и Западна Македонија.

Стефан Душан, по сѐ изгледа, почесто престојувал во Пелагонија и тоа не само во времето кога рамнината претставувала погранична област со Византија и кога ги приготвувал нападите на Византија туку и подоцна, по прогласувањето за цар.

Во четириесетите години на XIV век во Пелагонија престојувал и кралот Урош, кого родителите го испратиле на поклонение на Богородица во Трескавец. Во таа прилика Урош, со согласност на родителите, му подарил на манастирот Трескавец, приход од 100 перпери годишно од прилепскиот пазар[8].

За да ги придобие црковните великодостојници Душан им ги потврдувал старите имоти и привилегии на црквите и манастирите во новоосвоените територии, а им дарувал и голем број нови имоти и привилегии. Меѓу манастирите што ја стекнале наклонетоста на српскиот владетел бил и манастирот Успение на Богородица - Трескавец во Пелагонија, северно од Прилеп. Кралот Стефан Душан на манастирот Трескавец му дал три повелби, чии оригинали се уништени во последната светска војна, со кои му се потврдуваа старите и му беа подарувани нови имоти и привилегии. Интересно е да се напомене дека во Битола и нејзината околина не е идентификувано дали во неа или во нејзината околина имало имоти на манастирот Трескавец, нешто кое наведува на претпоставката дека манастирот најверојатно, немал имоти во Средна Пелагонија. Селата и селиштата во Средна Пелагонија, по сѐ изгледа, веќе биле зафатени од бројните цркви и манастири во Битола и околината. Постоењето во овој дел на Пелагонија на една цела манастирска група е евидентирано, уште кон крајот на XII и во првата

8 Коста Аџиевски, op. cit.,

половина на XIII век, кога се споменува архимандрит на пелагониските манастири.

Битола се споменува и во околу 1366 година кога деспот Волкашин се прогласил за крал на централниот дел на српското царство по двете страни на Шар Планина и од двете страни на р. Вардар со градовите: Призрен, Скопје, Прилеп, Битола, Преспа и Охрид.[9]

На крајот би се осврнале на положбата на Пелагонија во втората половина на XIV век. Втората половина на XIV е сигурно еден од најсудбоносните периоди во историјата на Балканот чија главна карактеристика претставува почетокот на трајното населување на Османлиите на балканското тло со катастрофални последици за балканските земји, а и пошироко. Во бурната втора половина на XIV век, за разлика од некои други области на Македонија, Пелагонија преживувала еден релативно помирен период од својата историја. Тоа е време во кое, ако се исклучи османлиското продирање кон средината на деветата деценија, немало воени судири и разурнувања кои биле карактеристични за историјата на рамнината во претходниот период. Наместо воени судири и разурнувања, сега, во рамнината сè повеќе доаѓа до израз градежничката и уметничката дејност. Се обновуваат старите цркви и манастири, а се подигнуваат и нови, се сликаат фрески со ликовите на ктиторите и обновувачите, се пишуваат книги и записи по црквите и манастирите и сл.

Меѓутоа во почетокот на осумдесетите години на XIV век Османлиите започнале нова голема офанзива на Балканот, чија цел била натамошно проширување на границите на османлиската држава. Главни извори за продирањето на османлиите во Македонија во почетокот на осумдесетите години се турските хроники. Овие хроники се посебно значајни за потпаѓањето на Пелагонија под османлиска власт и за ликвидирањето на самостојноста на Прилепското кралство. Всушност, реконструкцијата на овие настани може да се изврши единствено врз основа на податоците што ги даваат турските хроничари, кои единствени известуваат за продорот на Османлиите во Пелагонија и за потчинувањето на Прилеп и Битола, двата главни центри на рамнината.

Според турските извори Тимурташ на чело на голема турска војска продрел во Пелагонија. Продорот бил извршен најверојатно преку Плетвар, бидејќи сите хроничари се согласуваат дека најпрвин

9 Иван Снегаров, История на Охридската архиепископия. Том 1. София 1995, 330.

бил освоен Прилеп а потоа Битола, што значи дека војската се движела во правец север-југ. Можно е еден дел од османлиската војска да ја користел трасата на патот Виа Егнација и да влегол во Пелагонија од југ преку Килит Дервен.[10]

Спротивно на Прилеп, Битола им дала жесток отпор на освојувачите. Интересно е дека и во народното предание запишано од Марко Цепенков овие настани се одразени на ист начин. Додека „Турците, коа го презеле Прилеп, ич пушка не пукнала“, дотогаш „при се што Битола ја преземале од две страни, едната војска от кај Прилеп дошла, другата откај Воден и пак лесно не можеле Битола да ја преземат чунки крал Тољо се биел од калето, а калугерите што биле во седумдесет и два манастира и тие се бореле, тики баеги време што се мачиле дури ја презеле Битола“.[11] Градот Битола бил освоен од Османлиите во 1385 год.

Пелагонија за време на византиското владеење нова етапа во својата историја доживеала со избувнувањето на граѓанската војна во 1321 год. меѓу стариот цар Андроник II и неговиот внук Андроник III. Нова фаза во нејзината историја претставува офанзивата на младиот крал Стефан Душан. Според одредбите на мировниот договор, Пелагонија била поделена помеѓу Византија и Србија. Поголемиот дел ѝ припаднал на Србија во чиј состав биле вклучени пространите територии на Северна и Средна Пелагонија. Во претпоследната деценија на XIV век поточно во 1385 година Битола потпаѓа под власта на Османлиите.

10 Коста Аџиевски, op. cit., 273.

11 Александар Стојановски, градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, Скопје 1981, 13-14.

Гордана ФИЛИПОВСКА ЛАЗАРОВСКА

# Археолошки наоди од XIV и XV век од црквата Свети Димитрија во Битола

Црквата Св. Димитрија, била изградена и сочувана под тешки историски услови и таа е, секако, од првостепено занчење за христијанската култура на православниот Балкан. Напорите и жртвите кои што ги поднесувало христијанското население го овозможиле нејзиното подигање и затоа таа била и останува заедничка светост, плод на нивната вера, а по вредностите кои во себе ги крие, била и е заедничка своина не само на битолските христијани, туку е и заедничка ризница на Православната црква во целост[1].

Према основата, црквата е трибродна базилика со две редици од по шест столбови кои го делат внатрешниот простор на три брода, од кои средишниот е најширок. Црквата има затворен трем од север, запад и југ; галерија на спратот, а на исток три полукружни апсиди. Се влегува од пет врати. Долга е 36 м., широка 34 м., а висока повеќе од 10 м.[2] Се наоѓа во некогашната т.н. Црквена маала, јужно од Саат Кулата и зградата на Стопанска банка, а денес на улица „11 Октомври“.

Изградена е во времето на митрополитот Григорие (1825 – 1833), со берат од султанот Мехмед II (1827 – 1830), а со помош и препорака на великиот везир Решид-паша (1829 – 1830) година. За самото ѕидање, со доброволни прилози учествувале сите битолски еснафи, а предузимач

1 Велимир Т. Арсиќ, Црква Св. Великомученика Димитрија у Битољу, поводом прославе њене стогодишњице 1830 – 1930, Битољ 1930, 61–62.
2 Исто, 9.

бил Павле Алегрија[3] од Боготско. Од осветувањето на темелите на ден 06 август 1830 година, црквата била завршена на 12 декември истата година.

Археолошките истражувања[4] во црквата Св. Димитрија – споменик на културата од прв ред[5], од времето на Преродбата на Македонија, се заштитни и сонажни. Започани се во врска со градежните зафати[6] кои се преземени од страна на Преспанско–Пелагониската епархија – Митрополијата во Битола. Индиции за отпочнување со истражувањата беа следните:

– Во непосредна близина, на ул. Стерјо Георгиев, при копање на тмели откопан е мермерен капител[7];

– Во дворот пред апсидата, до оградата, се наоѓаат делови од архитектонска пластика: 3 мермерни капители, импост капител и дел од архитравна греда;

– Внатре во јужниот трем на црквата употребени се два капители[8] од столбови и мермер;

– Во истиот трем во вратата, во довратникот, вградени се два дела од мермерна плоча со грчки натпис[9];

3 Исто, 35, Робет Михајловски, Ескурс за битолскиот соборен храм „Свети Димитрија“ и неговата камена пластика, Зборник на трудови бр. 9, 77, нап. 9; Сашо Коруновски, Црквата „Св. Димитрија“ во Битола – два стилски контрасти во една концепција, Прилози (Друштво за наука и уметност – Битола) бр. 54–55/I, Битола 1993, 23.

4 Археолошките работи – истражувања – се извршени од страна на стручните лица на Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија – Битола: Гордана Филиповска Лазаровска, советник кустос за среден век – археолог; Лидија Достовска, виш кустос – документатор, археолог, Зоран Алтипармаков, конзерватор, дип. инж. архитект; Славе Стојанов – фотограф; Повремени членови: Аница Ѓорѓиевска, виш кустос, археолог; Ристо палигора, кустос, ист. на уметноста; Радмила Петкова, советник конзерватор, ист. наументоста (ја прочита и пресмета арапската година на турската монета). Работите се изведуваа со благослов на епископот Јован Дренвицки и со сестрана помош на старешината на храмот – Таки Ристевски; Работниците ги обезбеди ГП „Пелистер“.

5 Споменик на културата е со решение бр. 44 од 10.02.1953 година.

6 Од подот на галеријата на црквата извадени се плочите од сив шкрилец, извадена е дрвената подна конструкција, истите се заменети со бетонска конструкција. 2 – Од надворешната страна на запад се отвори влез во црквата. 3 – Дрвените столбови од двете колонади се заменети со нови. 4 – Во старите темели врз кои беа поставени дрвените столбови, се пресекоја по целата должина и средината ќе се бетонира – како постабилна подлога за мермерните столбови и капители. 5 – Сите агли од тремот и црквата, кои треба да го носат бетонскиот под од галеријата се бетонирани. 6 – Во делот на повисоките партии до ѕидовите поставена е нова електрична инсталација.

7 Капителот е откупан од музејот во 1986 г. – Р. Михајловски, Зборник 9, дело. 77, нап. 1.

8 Исто, 77, нап. 1, споменува капител и столб од доцниот римски период.

9 Никола Вулиќ, Споменик бр. 71, Београд 1931, бр. 28, сл. 2; Фанула Папзоглу, Хераклеја Линкестидска во светлината на епиграфските текстови, Хераклеја I, Битола 1961, 13–15, нап. 22, 23, 24, Према натписот, плочата е подигната во чест на Г (аион) Арбеианон Секундон

– Во подот пре западниот влез во западниот трем вградена е мермерна парапетна плоча[10];

– Во северниот трем во северо–западниот агол на црквата, ѕидана е мермерна икона со претстава на тракиски коњаник[11];

– На овој простор пред 1830 година постоел мал параклис, чик иконостас[12] и денес се наоѓа во црквата.

Секако дека наведените, секундарно вградени, сполии беа доволен показател, дека на овој простор требаше да очкуваме археолошки локалитет.

Фактот дека подот на црквата бил спуштен за 1,10 м во земјата, за да се зголеми внатрешната висина на храмот, значеше дека со самото поставување на сондите во просторот на наосот, поточно меѓу дрвените столбови на северната и јужната колонада, веќе се наоѓавме во културен стратум – простор кој не бил гибнат после 1830 година.

Турската монета[13] датирана во дваесетите години на XVII век, во времето на султанот Осман II (1618 – 1822) г. ни ја определи долната граница на слојот од земја кој беше отстранет при рамнењето на подот на црквата, а истовремено ни ја определи и горната граница на слоевите кои што ги истражувавме во длабочината.

( (α ον)' Αρβειανὸν Σεκοῦνδον)). Натписот содржи список од 49 имиња, од кои 24 заедно со името на почесната личност – се имиња на римски граѓани (tria nomina) меѓу кои само 3 или 4 немаат римско презиме. Другите имиња иако ја применуваат грчко–македонската ономастичка формула (име пропратено со татково име се типично римски имиња. Има само четири лица чие име и татково име: Антипатрос Теофилу, Лисимахос Антигону – не се римски. (Према најновите сознанија на Наде Проева, Студии за Античките Македонци, Скопје 1997, 128, 131, бр. 28; 294 – за името Лисимахос и за презимето Антигону, наведува дека не само што се македонски туку се од категоријата на кралски имиња.) Текстот на плочата не содржи никаква ознака која би го овозможила точното определување на датата, Ф. Папазоглу го датира во I век и најдоцна во првата половина на II век од нашата ера – во рано царската епоха – према ономасиката и формата на буквите.

10 Р. Михајловски, н.д. 77, нап. 1.

11 Н. Вулиќ, Споменик (Српска Академија Наука) 77, Београд 1941–48, 283. Плочата е четиристрана со мали димензии и затоа е наречена „икона“. Таа е вотивен споменик посветена на некој „херој“. На неа е претставен коњаник во десно. Коњот е со кренатa предна нога. Коњаникот е облечен со наметка (хламида) која се виори, а денсата рака му е кренатa. Околу главата има ореол. Десно пред нив има дрво со две гранки и змија завиткано околу него. Зад жртвеникот има претстава на куче или дива свиња.; Р. Михајловски, ц.д. 77, нап. 1.; Александрина Цермановиќ, Кузмановиќ, Споменци трачког коњаника у нашој земљи, Стринар, књ. XIII–XIV, за 1963, Београд 1965, 115.; A. Cermanović–Kuzmanović, Archaeologia Yugoslavica, IV, Beograd, MCMLXIII (1963), T. III/11.

12 Историја на македонскиот народ, кн. I, Скопје 1969, 314, глава VI точка 1 – Харалмпие Поленаковиќ, иконостасот го датира во 1773 г; Р. Михајловски, ц.д. го датира во 1735 г.

13 Слободан Сречковиќ, Османлијски новац кован на тлу Југославиеј Београд 1987, 5 – авторот коментира дека ни во најдобрите светски каталози нема ни десети дел од парите ковани во кованиците од Румелија – европскиот дел од Турција. 178–181, Осман II.

Со истражувањата беа откриени, скоро на иста рамнина со мермерниот под, два паралелни ѕидови (северен и јужен). Сочувани се само темелните делови, ѕидани од речен и кршен камен поврзан со бел варов малтер. Ѕидовите имаат правец исток–запад со ширина до 1,30 м и длабина до 1.10 м. мерено од површината на плочите од подот на црквата. Предузимачот Павле Алегрија, многу вешто ги искористил како цврста подлога, основа под дрвените столбови кои ја носат кровната конструкција на црквата. Овие темелни остатоци укажуваат дека припаѓала на објект, кој некогаш бил голем, а можно е дека бил и сакрален и сигурно е дека не бил во функција пред XVI век.

Према пронајдените граобови во сондите на централниот и јужниот брод, знаеме дека овој простор бил користен од тогашното христијанско население како некропола. Гробовите беа наредени во редови, ориентирани запад–исток, со главата на запад, без никакви прилози, вкопани, во црна растресита земја. Фактот дека ниту еден од гробовите не беше пресечен со споменатите темели, не упатува да заклучиме дека објектот бил изграден пред некрополата.

Постоењето на некрополата во чија земја беа помешани: остатоци од градежен материјал (парчиња од тули и герамиди и бел варов малтер), парчиња од мермерен столб и мноштво на железни клинци со различна димензија и форма, како и парчиња од грнчарија за домашна употреба – во која земја се погребувало со континуитет, се формирал по втор пат негибнат простор – кој ги заштитил подолните слоеви на живеење.

На длабочина од 0,40 м до 0,80 м мерено од подот на црквата се наоѓани фрагменти од керамички садови за секојдневна домашна употреба како и фрагменти од керамички садови кои припаѓаат на луксузната – трпезната керамија према чии карактеристики на изработка, форма и украсување, односно со методот на типолошкото одредување, овој кулутрен слој широко го определуваме од XIII до XV век.

Садовите за секојднева употреба биле изработени од добро измесена глина со примеси накварцен песок и светликава прашина од лискун. Биле печени во печки со послаб прилив на воздух и затоа бојата на печење некогаш била: сива, темно–сива, кафеаво–сива. Основната форма која најчесто се употребувала – била грнето – кое служело за припремање – готвење на храната на огниште. Тие лесно се кршеле и затоа нивние фрагменти се најчести и најмногубројни[14]. Биле украсувани со врежување на паралелни концентрични линии, комбинација на линии и брановидни линии и дупчиња и др.

14 Соня Георгиева, Керамиката от двореца на Царевец, Царевград, Трнов, том 2, (БАН), София 1974, 12–13; 51–52.

Чести се и фрагментите кои припаѓаат на садовите во кои се налевала и чувала вода, вино или други течности. Тие се изработени од добро изместена глина и печени во печки каде приливот на воздух е поголем така да нивната боја на печење е од окер до окер–црвена. Површината на овие садови била „калена“, односно пред последното печење садовите се потопувале во ретка течна каша од фино пречистена глина после кое се добивал фин прелив кој ги затварал порите и станувал непропустлив за течностите[15]. Нијансите на преливот се од кремово до кремово–црвено.

Се употребувале и поголеми садови – ќупови кои служеле за чување и складирање на храната. Заради постигнување на постојана температура, тие биле вкопувани во земјата, а исто така и заради нивната стабилност, затоа што обично имале тесно дно[16].

Садовите од кои се јадело или служеле за изнесување на храната на трпезата, вообичаено се изработувани од убаво пречистена и убаво изместена глина, а ги изработувале мајстори занаетчии или пак уметници во зависност од техниката со кои биле украсувани. Вообичаено тие се плитки и длабоки паници, кои биле украсувани со сликање и глеѓосување. Често имале сликан растителен или геометриски украс поставен во средината или на работ (од внатре или од надворешната страна) на садовите. Некогаш била украсувана целата внатрешна површина со еднобојна (монохромна) по боја жолта, зелена или кафеава глеѓ[17].

Најраскошни и дело на уметници, секогаш изработувани од мајстори уметници во работилници кои најчесто биле во град е зграфито керамиката. Самата техника овие садови ги вбројува во најубавите изведби направени од раката на уметникот. За украсување најчесто се употребувани светлите тонови на жолтата, зелената и кафеавата глеѓ. Токму ова употребување на светлите тонови и украсите во кои недостигаат религиозните мотиви и симболи, некои научници им го припишуваат на словенскиот поглед на живот[18].

Традицијата на производство на керамички садови употребувани во домаќинството, не се прекинала со доаѓањето на Турците–Османлии

15 Исто, 11, 24.
16 Исто, 40.
17 Исто, 39, 53, 57.
18 Исто, 59–61; 152.

на овие простори[19]. Христијанското население продолжило да ги користи истите форми на садовите како и начинот на изработката на истите.

Традицијата се чувала и негувала и тогаш кога дел од христијанското население, најчесто за да го сочува богатството и функциите кои ги имало, или пак за да можат да преживеат, ја менувало вратата и преминувало во исламска вера[20].

Градот, исто така, постепено го менувал ликот од типичен средновековен град кој живеел и растел према традициите на византиската култура – која во овие краеви имала големо влијание – до важен административен центар – седиште на Румелискиот вилает во времето кога се гради црквата во 1830 година, а по своие урбанистички карактеристики наликувал на типичен ориентален град.

Затоа важноста на овој може да се речи тенок културен слој, со дебелина од околу 0,4 м. е голема. Со своето постоње ги потврдува историските извори за постоење на средновековна Битола, од чии остатоци, еден дел, се наоѓаат и под габаритот од денешниот соборен храм посветен на Великомаченикот Свети Димитрија[21]. Нивното постоење тврди дека во некогашното т.н. „Црковно маало“ во XV век живееле христијани, кои биле следбеници на некогашните жители на средновековна Битола.

19 Истрија на Македонскиот народ, том I, Скопје 1969, 301. Др. Александар Стојанов,За карактерот и влијанието на османското влијание во Југословенските земји од 15 до 16 век, Гласник (ИНИ() XX/1, Скопје 1976, 134.

20 Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни пописни дефтери од XV век, том I, скопје 1973, 267.

21 Фрањо Баршиќ, Чуда Димитрија Солунског као историски извори, Београд 1953, 46. Почитувањето на Св. Димитрија во нашите краеви а особено во Солун чиј е заштитник, е големо. Таму е запишано, дека Св. Димитрија се родил, живеел и со маченичка смрт умрел токму во Солун и тоа на 26.10 во една од годините во која владеел римскиот цар Максимијан (285–305). Познатите истражувачи на овој период, меѓу кои и Грабар, тврдат дека ова предание не одговора на историската стварнсот (вистина). Имено, Димитрија бил граѓанин на римскиот град Сирмијум (Сремска Митровица), бил ѓакон, кој бил погубен заради ширење на христијанската вера на ден 09.04.304 г. Сличната судбина на двата градови од Илирик ги натерало жителите на Солун да го преземат култот на сирмискиот маченик, да го присвојат, а подоцна и да го направат свој заштитник. Светилиштето, посветено на овој маченик, во Солун, е изградено во почетокот на V век, односно после 415 г., додека како заштитник се прославува, подоцна во VI век. Култот на Димитрија, одеднаш, се проширил на сите краеви на византискиот Балкан и е еден од најмногу славените светци, особено во Солун. Од V до X в. градот доживеал бурни собитија кои се познати како „Чудатра на Св. Димитрија“. Многу е почитуван особено од Славјаните и покрај тоа што во некои собитија биле прогонувани токму од него, како на пример при опсадите на Солун, во текот на VI и VII век.;
Василий Пуцко, Киевские рельефы святых всадников. Старинар XXVII, за 1976, Београд 1977, 115. Св. Димитрија бил почитуван во времето на владеењето на византиската т.н. Македонска династија, а од тогаш е и претставата на „Димитрија Војник“.

Радмила ПЕТКОВА,
историчар на уметност конзерватор-советник

# Битола во XIV и XV век

Не навлегувајќи во деталите кога и како е освена Битола, дали од Лала Шахин[1] или од Тимурташ паша,[2] дали во 1382/83 или, најверојатно, во 1385/86 год., битно е што Битола во 90-тите години на XIV век е веќе освоена од страна на Турците и што постепено, за неполн век, почнува да добива изгел на ориентален град.

Што се однесува пак до средновековниот град мораме да констатираме, за жал, дека за него имаме само бледи сознанија засновани исклучиво врз археолошките траги на лок. Кале, лок. Исхак џамија, како и најновите во црквата Св. Димитрија. Но тие, во никој случај, не можат да ни дадат комплетна слика за неговиот изглед.

Она што идните археолошки истражувања треба да го потврдат секако е дека Битола и пред доаѓањето на Турците имала вообичаен изглед на средновековен град со развиен економски (трговско-занаетчиски), па и верски живот на што укажува и неговото име.

На тоа дека Битола е населба од градски тип уште во XII век укажува и арапскиот географ Идриси, кој, опишувајќи ја вели дека е „...голем, убав и пријатен град...“.[3]

1 Др. Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, Скопје, 1981, 9-14.
2 Исто.
3 Борис Недков, България и съседните й земи през XII в. според Идриси, София, 1960, 39.

На тој средновековен град, разрушен и опљачкан заради давањето отпор, според податоците од хрониките,[4] ќе се надоврзе османлискиот град, чие физиономирање на некој начин можеме да го следиме од конкретни изворни податоци.

Во колкава мерка тој град е разрушен не постојат показатели, но тврдењето на пооделни автори[5] дека градовите на Балканот на крајот на XIV век биле потполно уништени, срушени и опљачкани, а населението одведено како робје и целосно истребено, барем што се однесува до вториот дел од констатацијата, е преостро и нелогично, бидејќи добро е познато дека принципот на уредување на градовите под турска власт не е стихиен, туку строго одреден и следен од државата, која добро знаела дека **„... градовите се нејзина база, не само поради тоа што во нив се сконцентрирани сите органи на државната власт, туку развиени врз основа на занаетчиството, претставуваат вистински работилници за војската...“.**[6]

Имајќи го во предвид горното, како и неговата географска положба и стратегиско значење, јасно нагласено и во минатите периоди, тој и покрај разурнувањата и делумната миграција на населението под налетот на турските освојувачи, продолжува да живее добивајќи ориентален изглед и тоа со строго издиференциран економски центар - чаршија и самбени делови - маали, распоредени по верска припадност, за што имаме потврда во пишуваните извори од тој период.

Институцијата вакаф е една од најбитните институции при оформувањето на архитектонско-урбанистичкиот изглед на секоја населба, па во овој случај и нашиот град.

Појавата на првиот вакаф, вакафот на Сункур Чауш бег, син на Абдулах, познат воен командант од времето на султанот Мурат II,[7] потурчен христијанин, според името на таткото, е вакаф на човекот кој ја финансирал изградбата на објектите кои всушност ќе ги дадат првите контури на урбанистичкиот изглед на Битола под турска власт. Името на Сункур Чауш бег, првиот управител на градот Солун, е врзано за неколку градови на Балканот. најстар запишан помен за него е долгиот натпис на арапски јазик на главната кула на поранешна Једи-куле

4 Др. Александар Стојановски, исто, 9-14

5 Исто, 20 (белешка 71-72).

6 Адем Ханџик, О формирању неких градских насеља у Босни у XVI столећу (улога државе и вакуфа), Прилози за оријенталну филологију, XXV/1975, Сарајево, 1977, 134.

7 Др. Хасан Калеши, Најстарији вакуфски документи у Југославији на арапском језику, Приштина, 1972, 66.
Мехмед Теуфик, Кратка историја битољског вилајета, Браство, XXVII, Београд, 1933, 213.

цитадела во Солун кој датира од 834 (1430 год.), во кој се споменува обновата на градските ѕидини, оштетени при конечното освојување на Солун во негово време.[8]

Според вакафнамата, која содржи и два додатни делови[9] и која е всушност најстар арапски документ пронајден на територијата на некогашна Југославија, богатиот ктитор, враќајќи се од походот во Албанија против Скендер бег и останувајќи во Битола, во неа ја изградил најстарата џамија на Балканот, Сункур Чауш бег џамија, Ески т.е. Старата или Атик џамија, како што уште е позната; потоа изградил ан, 44 дуќани, чифте амам, 7 воденици, завија, во чиј состав најверојатно бил и имаретот и медреса; потоа во Едрење: џамија, 11 дуќани и 17 соби и во Видин: џамија, 20 дуќани, 1 воденица.[10]

За издржување на овој голем вакаф тој ги завешта приходите на наведените објекти, 30.000 дирхеми кои ќе се даваат под интерес, како и приходите од с. Пopoложани во Леринска нахија, претворајќи го во вакаф мулковниот посед добиен за воени заслуги од страна на султанот.[11]

Фактички со формирањето на овој вакав во Битола, односно со изградбата на објектите кои му припаѓаат него, ќе го видиме почетното обликување на Битола во XV век.

Пропозициите кои ги одредувала државата веднаш по воспоставувањето на власта: постоење барем на една џамија во која ќе се изведуваат сите пет дневни молитви и молитви во петок и на Бајрам, потоа постоење на најмалку еден муслимански џемат (заедница) и пазар, т.е. чаршија со одреден пазарен ден, врз основа на што таа го одредувала рангот на населбата: село, трговиште или пазариште, касаба или шехер, веќе се исполнети.[12]

Џамија од типот на „џума“ џамија - „џамија на Петокот“, т.е. главна џамија веќе постои, анот и 44-те дуќани се зародиш на чаршијата, амам, како хигиенско-здравствена установа типична пред сè за градските населби постои; имарет, како социјално добротворна уста-

8 W. Kiel, Notes on the history of some Turkish monuments in Thessaloniki and their founders, Balkan studies, volume 11, number one, , 1970, 129-130.

9 Др. Хасан Калеши, исто, 78-86.

10 Исто, 66-68.

11 Исто, 84-85.

12 Адем Ханџиќ, исто, 135
Радмила Момидиќ-Петкова, Развитокот на битолската чаршија (до II Светска војна), Зборник на трудови, 4-5, Битола, 1983/84 127-.

нова изразито битна во исламскиот свет постои; а, постои и медреса, просветна установа во ранг на средно верско училиште.

Што се однесува пак до бројот на муслиманските џемати, во овој случај маали, можеме да кажеме дека, според пописниот дефтер од 1468 год. нив ги има 6 со 295 семејства, а само една христијанска со 185 семејства.[13] За разлика од тоа, во 1481 год., бројот на муслиманските маали е 11 со 398 семејства, а на христијанските 9 со 222 семејства.[14] Односно, ако се земе дека секое семејство има по пет члена, произлегува дека во 1468 год. во Битола има околу 2.350 жители, од кои околу 1475 се муслимани, а пак во 1481 год. бројот на жителите се зголемува и изнесува 3.100 жители, од кои 1990 се муслимани.[15]

Од овие статистички податоци јасно се гледа дека исламизацијата е во тек, но таа ќе стане поизразита во текот на XVI век. Исто така тие даваат и податоци за занимањата на населението, врз основа на што констатираме дека, иако меѓу турското население постои поголем број занаетчии, сепак и христијанското население се занимава со занаетчиство, што значи дека Битола е веќе и значаен економски, т.е. трговски и занаетчиски центар.

Ако на ова се надоврзат и податоците од дефтерот од 1468 год. дека градот Битола со 14 села е хас на дефтердарот, чие име не ни е познато, со приход од 140.025 акчиња годишно, во кој влегува и приходот од пазаришната такса на градот,[16] произлегува дека Битола веќе има и чаршија, а можеби и утврден пазарен ден. И не само тоа. Битола има и субашија (војвода или војно-административен командант на поголемите населби), кој е истовремено и мултезим (собирач на државните даноци). Тоа е Хаџи бег,[17] најверојатно идниот градител на џамијата Хаџи бег.[18] Покасно, според пописот од 1481 год., Битола со 4 села е хас на Али, син на Илјас бег,[19] најверојатно Мирахор Илјас бег,

13 Методија Соколоски, Турски изворни податоци од XV и XVI век за градот Битола, Гласник на Институот за национална историја, 1, Скопје, 1963, 129.

14 Исто, 132-134.

15 Методија Соколоски, Битола и Битолско во XV и XVI век, Прилози, МАНУ, VI/2, Скопје, 1975, 34.

16 Исто, 14
Турски извори за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XV век, II, Скопје, 1973, 141, 154.

17 Мехмед Теуфик, исто, 27.
Методија Соколовски, исто, Прилози, МАНУ, 46-47.

18 Радмила Момидиќ-Петкова, Комплексот на џамијата Хаџи Махмуд бег во Битола, Зборник на трудови, 12-13-14, Битола, 1992-1995, 90-97.

19 Методија Соколоски, исто, Прилози, МАНУ, 31.

ктитор на многу објекти во Албанија, за кого исто така се смета дека е потурчен христијанин.

На крајот на векот, точната година не ни е позната, Битола ќе го добие и својот безистен[20] - срцето на битолската чаршија. Тој е изграден од страна на Коџа Даут паша Узунчаршили, беглер - бег на Румелија во 1478 год., голем везир од 1483 год., за кого исто така се смета дека има христијанско потекло, богат ктитор кој ги изгради: Даут пашиниот амам во Скопје, малиот амам до мостот, анот за робови, дарбханата - ковница за пари; потоа, Каталновска бања, како и бројни објекти во Варна, Татар Пазарџик, Енишехир, Бурса, Истамбул, Изник[21] и тн.

Тоа е за сега комплетна слика за Битола на крајот на XV век, како значаен, административен, трговски и занаетчиски центар.

20 Радмила Момидиќ-Петкова, Безистенот во Битола, Научна мисла – Битола 1990, Друштво за наука и уметност, III, Битола, 1990, 201-210.

21 Методија Соколоски, Прилози, МАНУ, 46-47
Хасан Калеши, исто, 193-194 (белешка 54).

Ѓорѓи ДИМОВСКИ – ЦОЛЕВ

# Завладување на Битола од Турците

Во мошне познатите истории на Османлиското царство на Халил Иналџик[1] и Јозеф фон Хамер[2], за освојувањето на Битола од страна на Османлиите, забележано е само со по една реченица и тоа во контекст на општите навлегувања на османлиските војски во Западниот дел на Македонија. Конкретно Хамер наведува „... Тимурташ ја движел убиствената сила на својата војска низ цела Македонија сè до границите на Албанија, каде ги освоил градовите Монастир (Bitolj), Пирлипа (Prilep), и Istip (Штип)“ [3]. Притоа овој текст е сместен во 1375 година. Кај Иналџик за истиов настан е забележано“ „Тргнувајќи во западен правец по историскиот пат Via Egnatia, Турците преску Сер, Битола и Охрид во 1385 година излегле на албанскиот брег“ [4]. Во текстот не се наведува завојувачот–освојувач поимено.

Проучувањето на минатото на Битола, со кое се позанимавале повеќе лица, не го одминале овој крупен настан, односно завладувањето на Битола од страна на Османлиите. Меѓутоа во нивните трудови се среќаваат извесни контрадикторни податоци. Впрочем таквите податоци по однос на името на војсководачот – освојувач и годината на завладувањето со градот, како и за начинот на самото заземање имаме разлики кај авторите. Така на пример браќата Константинови во кни-

1 Халил Иналџик, Османско царство – класично доба 1300–1600, Београд, 1974 година.
2 Joseph von Hammer, Historija turskog osmanskog carstva 1., Zagreb, 1979.
3 Ibidem, str. 66.
4 Халил Иналџик, цит. дело, стр. 16.

шката за Битола[5] наведуваат дека градот е заземен во 1382/3 година од турската војска на чело со Хаџи Евренос бег, додека Јован Хаџи Васиљевиќ[6] за завојувач го смета Лала Шахин, а пак годината на настанот 1382/3. Наспроти нив турскиот историчар и професор во битолската воена гимназија мајорот Мехмед Теуфик[7] освојувачот на Битола го открива во личноста на Тимурташ паша, но без да ја наведе годината. Исто така и битолскиот интелектуалец Теодосиј А. Робев[8], цитирајќи го турскиот патешественик Хаџи Калфа го прифаќа името на завојувачот, односно Тимурташ паша, додека годината на заземањето ја датира како 1374.

Ваквите спротиставени тврдења произлегле по сè изгледа оттаму што османлиското навлегување во Македонија не било спроведено веднаш по османлискиот триумф на Марица 1371 година, туку условно земено тоа следувало во две етапи. Така навлегувањето во Македонија Османлиите го реализирале во осумдесетте години на XIV век. Според турските хроничари султанот му наредил на големиот везир Хајрудин паша дел од османлиската војска да напредува во западен правец. За извршување на споменатата задача бил одреден искусниот војсководач Дели Балабан со цел да го нападне градот Сер, па и напомош му бил пратен Лала Шахин, пред чија сила паднал Сер во османлиски раце, додека неговата војска продолжила на запад и го освоила Бер. Откако била воспоставена османлиска власт во освоените подрачја, Лала Шахин се вратил назад. Оваа фаза, според хроничарите се одвивала во времето од 1373 до 1375 година, односно од паѓањето на Сер.

Новата фаза всушност се надоврзува на првата и е сместена во времето од 1382–1383 година кога се продирало во Централна Македонија при што биле освоени и градовите Прилеп и Битола. Ваквото датирање според турските хроники, не упатува на точност. Познавачот на овие настани д-р Александар Стојановски смета дека „... Многу поверојатно е дека походот на Централна Македонија и акциите што продолжиле се одиграле малку подоцна т.е. во 1385–1386 година, Впрочем хрониките се согласни дека (меѓу двата похода б.м.) постоел извесен интервал и дека на чело на новиот поход стоела друга личност,

5 Браќа Константинови, Битола, Битола, 1964, стр. 10.

6 Јован Хаџи Васиљеви[illegible], Град Битољ, Београд, стр. 41.

7 Мехмед Теуфик, Историја на Битолскиот вилает (превод на македонски), Историски Архив – Битола, стр. 17.

8 Теодосий А. Робевъ, Битоля, Македонски преглед, XIII/1. стр. 4, София, s.a.

односно румелискиот беглербег Тимрташ паша". Ова тврдење е прифатено од нашата македонска историографија[9].

Походот на Тимурташ паша, според хрониките, најверојатно одел од Сер преку Дојран и Демир Капија од каде прво бил нападнат и освоен Прилеп а потоа стигнал пред Битола. Османлиските хроничари не се разликуваат во пишувањето по одно завладувањето на Прилеп, односно неговото предавање без борба. Впрочем тоа е забележано и во македонското народно творештво[10]. Наспроти тоа хроничарите а и македонското народно творештво забележале дека Битола на освојувачите лесно не им се предала туку населението на Османлиите им пружило жесток отпор за што во турските хроники го читаме следното: „Беше хиџриска 784 година (меѓу 17.III.1382 и 5.III.1383 г.) кога владетелот издаде наредба, беглербегот на Румелија Тимуртиш паша, на чело на своите сили да тргне за освојување на градовите Прилеп и Битола (Манастир). Пашата успеа тврдината на Прилеп да ја освои по мирен пат, а битолската тврдина беше освоена по пат на сила" [11]. Во една друга хроника пишува: „Во 784 година Војсководачот Тимурташ паша на чело со огромни сили беше испратен во Румелија. Тој ги освои Прилеп, Битола, Карли Или и Штип" [12]. Други хроничари забележале: Тимурташ потоа тргна кон албанскиот вилает и со многу сили пристигна во Битола чии жители се покорија на харачот. Тргнувајќи од ова место, го нападна солунскиот вилает и таа акција продолжи сѐ до Карли Или (Северна Грција). Овие освојувања беа по хиџретската 787 година (меѓу 12.II.1385 и 1.II.1386 г.)[13].

Еден друг хроничар пишува: „Тврдината на Битола беше освоена во 788 година (меѓу 2.II.1386 и 21.I.1387 г.)" [14]. И патеписците забележале слично како и хроничарите. Имено, Евлија Челебија пишува: „Ходавендигар газија неговата (битолската) тврдина по освојувањето

9 Историја на македонскиот народ, кн. 1, стр. 196, Скопје, 1969; Д-р Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, стр. 12–13, Скопје, 1981 год.

10 Види: Бр. Миладиновци, Зборник 1861–1961, стр. 481, Скопје, 1962; Марко Цепенков, Преданија, кн. 7, стр. 123, Скопје, 1972 год.

11 Александар Матковски и Кемал Аручи, Македонија и соседните области во хрониката „Беда – и ул векаи" од Коџа Хусеин (1328–1491), Историја, XV/2, стр. 157, Скопје, 1979 год.

12 Александар матковски и Кемал Аручи, Македонија и соседните области во хрониката на Солак Заде (1373–1633), Гласник на ИНИ, XIX/3, стр. 237, Скопје, 1975 год.

13 Александар Матковски и Кемал Аручи, Извадоци од две турски хроники за Македонија и соседните области, – Македонија и соседните области во хрониката „Теварих-и ал-и осмаи" на Ашик паша зеде од 1359–1466 Гл. на ИНИ, XXI/1, стр. 236, Скопје, 1977 год.

14 Александар Матковски и Кемал Аручи, Извадоци..., Македонијаи соседните области во хрониката "Tarih – Nisanci" од Мехмед паша кучук Нишанџи (1363–1504), Гл. на ИНИ, XXI/1, стр. 247, Скопје, 1977 год.

ја срушил до темели...“ [15], а пак Хаџи Калфа: „Сутанот Мурат победител го испратил во 784 година (1374) Тимурташ паша, кој со сабја во рака го зазел тоа место. Дворецот е уништен“ [16]. Врз основа на османлиските хроники и народни преданија, битолскиот професор по историја во Воената академија во Битола, мајорот Мехмед Теуфик, во својата книга „Историја на Битолскиот вилает“ за освојувањето на Битола од Османлиите наведува: „За време на владеењето на султанот Мурат Хан Газија, 784 (1382) за беглербег на Румелија бил одреден Тимурташ бег за да ги освои градовите по Румелија Штип, Велес, Прилеп и Битолскиот крај“. Меѓутоа „... неговите жители неколку дни огорчено се бореле против Османлиите. Откако увиделе дека не можат да им се протистават, се обиделе огнот што секал од кај Османлиите да го смират со една постапка, што на прв поглед изгледала како еден вид гостопримство. Јаничарите што ги имале распнато шаторите близу познатата црква Св. Недела... ги виделе 38-те млади девојки како им се доближуваат во време на зајдисонце. Тимурташ бег, командантот на османлиската војска, ги примил подароците, бидејќи децојките донесле разновидни јадења и други работи а кои биле испратени за да го испитаат моралот на Османлиите; го разделил јадењето и пијачката на јаничарската војска, на девојките им дал толку многу пари што чинеле десет пати повеќе од она што донесле, а покрај тоа секоја пооделно ја дарувал. За тоа време, по најљубезниот прием, се спуштила ноќта. Веднаш наредил одреден број шатори да се испразнат и во нив ги сместил споменатите девојки. За да не им се направи некаква лоша работа и да им го отстрани сомневањето и стравот, пред секој шатор поставил стража од јаничари, луѓе во години и доверливи коишто сè до зората стражареле и будно се грижеле за нивниот мир и спокојство. Утредена, рано в зори, откако со нив се поздравил, ги упатил во придружба на десетина најдоверливи и најчесни јаничари во години, донекаде да ги испратат“. Според Мехмед Теуфик, битолскиот господар, изненаден од постапката на Османлиите, го испратил тогашниот старешина на црквата Св. Недела поп Никола, кој се беше засолнал во тврдината при Тимурташ паша. Тој од Османлиите барал „... милост, ветувајќи дека вечно ќе биде верен на османлиската држава. Тимурташ, спрема населението на Битола коешто му се предаде се покажал вонредно справедлив... Но и покрај тоа, по наредба на Тимурташ бег а

15 Eclija Čelebi, Putopis, Odlomci o jugoslovenskim zemljama, Prevod i komentar Hašim Šabanović, Sarajevo, 1967.
16 Цитирано според Т.А. Робевъ, цит. дело. труд, стр. 4.

заради секоја евентуалност битолската тврдина била до темели урната[17].

Во врска со освојувањето на Битола интересна е и легендата што ја забележал Марко Цепенков, во која стои: „Дојдуејќи, Турците во Битола, не најдоа лесна работа што ја најдоа во Прилеп. ...Крал Тољо јако се беше бил со битолчани против Турците. Близу четири месеци што се биле битолчани со Турците и многу Турци беше избиле ...Арно ама... од ден на ден беше се намалувале војските Толеи ...Крал Тољо ... чунки беше направил еден маривет... Тољо со прво беше го опкоал калето околу се со штици вапсани со железна боја за да му се гледаат на Турците калето железно. Беше курдисал и на ветер тапани да буаат во калето, та една ноќ ... си побегнал и го оставил Бори калето ... Баеги време се бојале Турците од калето ... Една баба ... ошла кај Турците та му кажала (за калето и Тољо б.м.) ... Коа чуле од бабата Турците тие зборои ја поверувале и влегле во калето, та го презеле без да пукни пушка“ [18].

Цепенков забележал и верзија на споменатава легенда за Тољо и калето, која длумно се совпаѓа со она што Мехмед Теуфик пишувал. Имено Цепенков наведува: „Адамче зуграфот ми прикажувал само за еден опит што напраил Крал Тољо со Турците за да видат какви се Турците, дали прави, дали грешни. Му пуштил крал Тољо од калето неколку девојки, од најличните ... кај војската од Турците, ѓоа да продаваат нешто и да лежат вечерта при аскерот. Ошле девојките и лежеле под чад‘рите од турската војска и утрото си ошле при крал Толета. Кога се научил ... дека никој од војниците не ги задрел, при се што девојките се подзадевале со нив. Арно ама турските војници око не свртеле на нив, ниту прс клале на нив, толку што биле чесни војниците. Коа се беше научил крал Тољо оти такава била војската турцка, беше се уверил оти ќе се победит и од тоа избегал.

Откоа беше го презеле калето Турците, беа го расипале ерлен берабер“ [19].

Цепенков на пропуштил да забележи и друга легенда пак поврзана со турското освојување на Битола. Овој пат во легедната станува збор за некој голем манаситр, посветен на Свети Ѓорѓи што се наоѓал на битолски Житни пазар. „Во тој манастир, бележи Цепенков, имало 400 калуѓери. Тој бил со голем и дебел ѕид заграден, цело кале било.

17 Мехмед Теуфик, цит. дело, стр. 17.

18 Цепенков, цит. книга, стр. 218–219.

19 Ibidem, стр. 220.

Освен ѕидот што бил јак имало и една честа гора од дрвја пораснати едно до друго како ‘рж во некоја нива ... што чоек не можел колај – колај да го најди каде е манастирот ... Пред манастирот течел али Драгорот али реката што иди од селото Магарево кај Крива Воденица. За да влегуа чоек во манастирот имало само еден пат тесен. Откоа останал тој манастир уште да се земат од Турците, сопрво не го знаеле каде е манастирот ... Проклетата баба што кажала за калето на Тоља пак таа го предала и големио манастир Св. Ѓорѓија за да го најдат и да го преземат ... Таа им кажала ... да одат по реката ... и откоа ќе најдат многу пајки, да одат по нив...

Откоа видоа калуѓерите оти Турците го нашле манастирот ... чунки немаа ниет да се предаваат ... затвориле портите јако и наточиле остро сабјите и ножеите, натокмиле и друго оружје...

... Се зговориле 500 души Турци и на јуриш му беше влегле во манастирот ... Калуѓерите ... и исекле сите до еден... Бидејќи манастирот бил со јако кале и честа гора ... околу ... Турците никако не можеле да се доберат до манастирот. На тоа згора заповедал главатарот да се исечит сета гора што била околу манастирот ... та да се преврлаат преку ѕид... Полојната дврја беа и наредиле надвор од ѕидот, на голем куп, та беа и запалиле од еден крај до друг и кога се вивнал еден силен оган пламните биле близу до облаци. Од надворешниот силен оган се запалиле и ќелиите и сиот манастир, та изгореле сосемити калуѓерите, да така беа го освоиле и тој манастир“ [20].

Дали се работи за посебен манастир или за битолската тврдина (кале) не би можеле со сигруност да тврдиме, меѓутоа забелешките на М. Теуфик нè наведуваат да претпоставиме дека се работи токму за битолската тврдина. Имено појаснувајќи го името на градот, Мехмед Теуфик наведува: „По едно друго предание ... градот го добил (името) по една огромна црква којашто се наоѓала над Битола, кај сегашниот мост Кара Купри (Црн мост б.м.) од неговата десна страна каде денес се наоѓаат конаците на големиот Риза бег и во која што црква можело да влезат во дни на празници сите жители од населбите во Битолското поле“ [21]. Последната реченица од забележаното предание, на некој начин асоцира на текстот од третиот ред на Битолската плоча, поставена на видно место при влезот од битолската средновековна тврдина

20 Ibid. стр. 220-221.

21 Мехмед Теуфик, цит. дело, стр. 17.

во кој се вели дека таа тврдина била ѕидана и правена во „... (тврьдо оуб) ѣжїще и на спасение ї на жизнь бльгаромъ“ [22].

Од цитираните хроники и скратено пренесените легенди евидентно излегува на видело дека Битола Турците ја освоиле со жестока борба, која битолчани ја воделе засолнати во својата тврдина (кале). Со оглед дека немаме нагледни траги во таа тврдина, како тие во Штип, Скопје, Охрид, Струмица и др. во потврда на нејзиното постоење наведуваме неколку податоци, односно најверодостојниот доказ е битолската плоча каде за прв пат е запишано името на градот со старословенски букви. Плочата датира од XI век (1016 или 1017 година); друга поголема потврда се и делумните археолошки раскопу и наоди[23], како и записите во турските хроники. Секако ги земаме како потврда и неколкуте легенди во кои наоѓаме по некое мало камче од мозаикот за битолската тврдина, нејзиното место заземање и рушење.

Со оглед дека денес немаме видливи остатоци од споменувата тврдина, за секој битолчанец останува прашањето каде, во која месност се наоѓала истата, односно каде се воделе тие жестоки борби за непокорна Битола???

Неколку записки – податоци укажуваат на нејзината локација во пределот на Бадембалари – Баирот кој благо се спушта кон бреговите на реката Драгор, всушност ритчето викано Бори кале или Бороо кале. За таа локација на тврдината – калето пишувал Мехмед Теуфик кога вели: „... на еден рид наречен Крива Воденица. Тој рид и сега се вика Кале Баир (Градски рид – поточно речено тврдина на ридот“ [24]. Слично забележал и српскиот историчар Јован Хаџи Васиљевиќ во својата монографија за Битола каде наведува: „... на таква тврдина укажува народното предание за БАИРОТ од каде Турците, според преданието, навлегле во Битола“ [25]. Исто и Цепенков пишува дека тврдината се наоѓала на тумбата Бори Кале[26]. Меѓутоа, Цепенков погрешно го лоцира местото кај буковскиот синор на половина час од селото Буково, кое по описот многу потсетува на остатоците од античката Хераклеа Линкестис[27]. На спроти Цепенков, во Зборникот за народни умо-

22 Владимир Мошин, Битољска плоча из 1017 годинe, Македонски језик, XVI_, стр 4., Скопје, 1966 год.; Ѓорѓи Димовски–Цолев, Средновековната местоположба и име на Битола, Зборник Научна мисла – Битола, 1980, Битола, 1980, стр. 545.

23 Гордана Филиповска–Лазаревска и Аница Ѓорѓиевска, материјалната култура во Битола X - XI век, Битола низ вековите -I-, Битола 1998, стр. 12 - 13.

24 Мехмед Теуфик, цит. дело, стр. 17.

25 Јован Хаџи Васиљеви, цти. дело, стр. 12.

26 Цепенков, цит. книга, стр. 119.

27 Ibidem, стр. 119.

творби издаден во Софија стои: „Така градот (Битола б.м.) и од север е заштитен од Бора кале“ [28]. За Бори кале пишува и Ѓорче Петров кој со доста детали го опишал преодот Ѓавато меѓу Битола и Ресен. Подвлекувајќи го воено стратешкото значење на овој премин кај Ѓавато. Ѓ. Петров пишува: „Старите владетели изградиле цела редица заштитни укрепувања чиишто остатоци биле познати под името „Кале“. Тие остатоци ако се суди по досега останатите калиња биле распоредени во два реда: едниот по сртот на планината (главната тврдина овде била Бороо Кале, од кое и сега има остатоци), а вториот по падините од планината“ [29]. Кога имаме предвид дека Ѓорче Петров своевремно бил на просветна работа во Битола и интезивно истражувал во целиот Битолски округ, неговите истражувања нè наведуваат да го прифатиме лоцирањето на ридот Бороо Кале, односно дека калето–тврдина се наоѓало на ридот северо–западно од денешна Битола, каде битолските археолози пронашле и некои остатоци од тврдината, како и темели од мала црква[30].

На прашањето зошто денес нема видни знаци од тврдината, туку останал само топонимот, одговорот се содржи токму во завладувањето на Турците со Битола чии жители и војсководачи пружиле силен отпор па поради тоа како казна и за секоја сигурност Тимурташ паша наредил тврдината да се сруши или можеби запали, доколку била и дрвена „ерлен берабер“, што ќе рече од корен, да не ѝ се знае ни трага[31].

Впрочем ваквата постапка на османлиската војска во периодот на осовјувањето не била осамена, ниту посебно наменета за Битола. Османлиите слично постапувале скоро во сите случаи при заземањето на тврдините што им давале отпор. Така „На оние жители од градот кои доброволно се покорувале, Турците ништо лошо не им правеле, меѓутоа доколку давале отпор, ги присилувале да им ги остапат своите градови“ [32]. Следствено, при заземањето на Битола, веројатно мошне настрадало битолското население, зашто колку бил посилен и подолготраен отпорот на бранителите, дотолку одмаздата на освојувачите била посурова. За таква суровост во врска со освојувањето на Битола, Прилеп и Солун пишува и хроничарот Саудин: „На оние што се по-

28 Сборникъ, за народни имотворения, наука и книжнина, книга IV, стр. 3, София, 1981 год.

29 Г Петровъ Материяли по изучуването на Македония, стр. 120, София, 1986.

30 Ibidem, стр. 120

31 Марко Цепенков, цит. книга, стр. 119.

32 Халил Инџалик, цит. дело, стр. 16; Joseph Hammer, цит. книга, стр. 65.

корија им беше укажано внимание, оние кои имаа и покажаа храброст да се противстават беа опљачкани и ограбени“ [33].

Сличен запис оставил и Хаџи Калфа во XVII век кога пишувајќи за освојувањето на Битола додава: „Сета тврдина е пуста“. За истиов период Т.А. Робев констатира: „Целото население кое било носител на сите стопански дејности го напуштило градот и се разбегало во разни краишта, а Битола станала целосно турски град“ [34].

Впрочем на турскиот султан и самиот верски закон, шеријатот му налагал да одобри тридневно пљачкање на освоениот град, при што подвижниот имот законски им припаѓал на војниците–освојувачи[35].

За рушењето на Битола како црковно средиште Цепенков ни го оставил следниов запис: „Откако и освоиле сите манастири Турците беа и израсипале сите и на секој манастир напраиле по една џамија. Сегде кај што преземале Турците градои тоа време, ретко во град расипале црква и манастир, чунки биле набожни и се боеле од светецо арно ама во град Битола не се убојале од седумдесет и двајца светци што биле во црквите, чунки беше се налутиле многу на калуѓерите дека и погубиле петстотини мина Турци...“ [36]. Потоа Цепенков ги реди подоста џамии во Битола при што за секоја вели дека била црква и кажува кој светец ѝ бил патрон, за на крајот да го даде следниов заклучок: „Ете така Света Гора на Македонија што била во Битола, се препраила на турски џамии“ [37]. Наспроти Цепенков, Мехмед Теуфик за претворањето на црквите во џамии тврди дека само една црква била претворена во џамија (џамијата Сунгур Чауш или Стара џамија[38].

Колку има вистина во сите споменати наводи кај Цепенков или кај Мехмед Теуфик, Хаџи Калфа или кај Т.А. Робев тешко е да се утврди без автентични ракописи или археолошки потврди. Останува непознато дали биле изурнати или претворени во џамии македонските цркви кои наводно ги имало многу на градското земјиште. Што се однесува до месното население т.е. колкав број биле однесени во ропство, убиени, измачувани, за нас останува само да претпоставуваме, зашто не ни се познати бројките на жители во Битола пред завладувањето од Турците. По седумнаесет години од освојувањето на градот при пописот од 1468 година, во Битола биле регистрирани 160 христијански домаќин-

33 Д-р Александар Стојановски, цит. дело, стр. 21, ф. 74.

34 Т.А. Робевъ, цит. студија, стр. 4.

35 Халил Инџелик, цит. книга, стр. 35.

36 Марко Цепенков, цит. книга, стр. 221–222.

37 Ibidem, стр. 223.

38 Мехмед Теуфик, цит. дело, стр. 29–30.

ства, 10 неженети и 15 вдовици – наспроти 295 муслимански домаќинства[39]; според пописот од 1467 година, населението во Прилеп броело 300 христијански домаќинства, 89 неженети и 28 вдовици – наспроти 21 муслиманско домаќинство[40]. Показателите укажуваат дека населението во Прилеп не е драстично намалено во споредба со тоа на Битола, кое нѐ наведува на размислата дека она население кое ќе пружи отпор сигурно е подложено на пресии од секаков вид. Меѓутоа не значи дека сето население е истребено или прогонето од градот на што укаува и пописот. Сепак како резултат на завојувањето и господството на Османлиите во Битола, градот се изменил етнички во полза на муслиманското население. Интересно е да се одбележи дека наспроти градот, во битолските села не се забележани некои големи етнички промени. Имено освен две муслимански села[41] сите останати се со славјанско–македонско население. Споредено со градот Битола, како одбележавме погоре, етнички населението е во прилог на муслиманите. Имено во градот се забележани седум маала од кои само една христјанска именувана Дабижив а останатите сите муслимански, или во борј околу 1475 жители муслимани, а околу 870 жители христијани, односно скоро двојно повеќе. Така Битола од славјанско–македонски град станал претежно турско муслимански град. Таквата тенденција на зголемување на градското муслиманско население продолжила и во наредните години. Така по 13 години од споменатиот попис, поточно во 1481 година, кога е извршен нов попис, во Битола муслиманското население се зголемило за околу 415 жители, додека христијанското за околу 240 жители, што е двојно повеќе, во прилог на муслиманското[42]. Прирастот секако не се должи на природната репродукција туку на систематското населување – колонизирање на муслимани во градот. Набрзо Битола станал важно воено – стратешко место и уште од порано, оформено стопанско средиште, како за својата околија така и пошироко, особено поради древниот пат за комуникации Via Egnatia. „Сигурно е дека првите турски „жители“ во градовите на Балканот биле војниците... а веднаш по војската се сместиле претставниците на новата административна и

39 Ѓорѓи Димовски–Цолев и Ѓорѓи Грамосли, Статистички податоци за Битолско во XV и Битола во XV и XVI век, Прилози, 30–31, стр. 349, Битола, 1979 год.

40 Методија Соколоски, Прилеп и Прилепско под турска врховна власт од XV до крајот на XVIII век, Зборник Прилеп и Прилепско, кн. I, гл. IV, стр. 116, Прилеп, 1971 год.

41 Тоа се селата Вашарејца (Všarjca) со 11 домаќинства и Оризари (Čeltukdži) со 21 домаќинство и со по едем муслиман во селата Лажец и Поешево. Види: Ѓорѓи Димовски–Цолев, Ѓорѓи Грамосли, цит. статија, стр. 342, 345, 346.

42 Ibidem, стр. 350.

судска власт, како и исламската верска организација“ [43]. Напоредно со военоадминистративни структури османлиската држава вршела перманентна колонизација во освоените подрачја на Туркмени, Черкези, Татари, Јуруци, Роми, Коинари и друго население кое се занимавало со сточарство и земјоделство. Истовремено се доселувале во Битола и добри занаетчии и трговци. Така во градот едно маало било именувано по двајцата жители – муслимани – по занает железари; друго маало по еден бурекчија, па по еден сарач и штавувач на кожи – табак –. Меѓутоа забележливо е и тоа дека меѓу месното христијанско население има занаетчии именувани како грнчар, воденичар, касап, како и шест свештеници. Паѓа в очи дека меѓу христијанското население забележани се само два случаи на исламизирани христијани, кое пак зборува дека во ова време нема помасовна исламизација, кое нешто е евидентно во наредните пописи.

Покрај називите на занаетите, мошне интересни се и имињата на христијанското население. Имено меѓу нив постојат исклучиво славјански имиња и такви од грчко потекло, добиени преку религијата, најчесто не во оригинална форма туку преиначени како на пример не Георгос туку – Ѓорго, Димитриос – Димитри и сл. Интересно е дека меѓу сите набележани имиња не се среќава ниту едно име на древните македонски цареви како Пердика, Аминта, Филип, Александар и др. што би значело обновување на некаква традиција. Истото е и со женските имиња. Не се среќаваат имињата Олимпија, Клеопатра и сл. Наспроти нив мошне чести се имиња со старославјанска етимологија како на пример: Дабижив, Доброслав, Станислав, Мирослав, Добривој, Бранислав, Радослав, а меѓу женските Добрица, Доброслава[44] итн, што секако претставува посебна тема за истражување.

Во економско општествен поглед освојувачите Османлии „... не срушиле ниту создале друго општествено уредување. Тие само му го продолжиле животот на феудализмот... прилагодувајќи го кон своите потреби... Турците донесле понеразвиено феудално уредување со многу примеси од предноазискиот феудализам, а бидејќи вршеле и масовни колонизации главно на сточарски и други позаостанати племиња и групи... ги оживеале патријархалните односи и тоа не само меѓу овие

43 Д-р Александар Стојановски, цит. книга, стр. 34–35.

44 Методија Соколоски, Турски изворни податоци од XV и XVI век за градот Битола, Гласник на ИНИ, VII/1, стр. 127–156, Скопје, 1963 год.

племиња туку меѓу нашиот народ во Македонија, во областите каде што тие се населувале“ [45].

Следствено и градот Битола со некои од околните села постојано бил во состав на хасови што значи и во нашиве краишта бил воведен османлискиот феудален тимаро–спахиски систем во кој целокупното население главно е поделено на раја и бераја. Во бераја спаѓале сите оние коишто не биле врзани за земјата туку биле слободни, почнувајќи од султанот па сè до последниот питач во градот. Секако во бераја најбројни биле припадниците на феудалната класа, спахиите, свештенството, без разлика на религијата, поголемиот дел од градското население – шехерли, номадите, занаетчиите, трговците, сточарите. Сите тие морале да поседуваат берат т.е. документ што докажува дека се неврзани за земјата и за спахијата. Оние лица што биле закрепостени за спахијата и за земјата како такви биле регистрирани во пописните дефтери без разлика на професијата, верската и народносната припадност и без разлика на висината на даноците што ги плаќале биле именувани и сврстени во раја.

Под таквите нови услови на живот Битола и битолчани ќе опстануваат во Османлиското царство со сите негови падови и нагорнини, односно со сите промени што со текот на времето настанувале.

45 Д-р Алекснадар Матковски, Крепостништво во Македонија, Скопје, 1978, стр. 13.

Александар СТЕРЈОВСКИ

# Првиот битолски имарет

Едно од основните правила што морал секој муслиман да ги почитува и да ги применува скоро секојдневно, било и милосрдието (останатите биле: исповедување на верата, аџилак, молитва и пост). Сите заедно ја симболизирале отворената шепа со петте прсти од раката[1]. Оттаму, сега, натпреварот помеѓу поединците кој повеќе ќе одвои од личната сопственост и кој повеќе ќе даде. Куранот, тоа, се разбира, го подгревал и го стимулирал, издигнувајќи го во примарна и длабока одданост кон бога[2]. Така започнуваат да се подигаат **„за душа“** капитални објекти какви што биле патишта, караван- сараи, болници, сиропатилишта, богомоли, но и мостови, чешми и др. Сето тоа поединците го правеле, како што известува еден австриски патешественик, голем опсерватор, кои цели пет години (1573-1578) останал во Истанбул, Стефан Герлах, со длабоко уверување дека она што е дадено на земјата, илјадакратно ќе се врати во **„оној свет“**, по смртта[3]. Што е посебно интересно, со истата ревност како што се однесувале кон своите еднородни браќа во неволја и помагале со сето срце, Турците го правеле и кон христијаните. Истиот Герлах, тврди: **„Кога Турците видат некој христијанин во беда или неволја, му прискокнуваат напомош и ако**

1 **Svijet islama,** Jugoslovenska revija - Vuk Karadžić, Beograd, 1979, 30.

2 Suljeman Mašović, **Značaj i uloga vakufa u razvoju islamske doktrine,** Anali Gazi Husred begove biblioteke, knjiga IX-X, Sarajevo, 1983, 121.

3 **Немски и австрийски пътеписи за Балканите XI–XVI в,** Наука и изкуство, София, 1979, 328.

**случајно некој им даде само една облека, тогаш тие си го жртвуваат и животот за него“**[4].

Ваквата помош особено била насочена кон храната. Во Турската империја така–речи не можело, за разлика од другите страни од светот, да се умре од глад. Пред сѐ, имало многу продавници на ефтина храна, во кои за многу мали пари, какви што биле продавниците каде се продавале глави од овци или друг добиток, можело да се купат намирници со кои се овозможувало да се задоволат дневните потреби на семејството од храна. Покрај нив, во скоро секој поголем град имало и бројни бесплатни јавни добротворни кујни, познати како „имарет“ во кои сиромаштијата, патниците и др. можеле да добијат без ништо да платат еднаш, двапати, а не ретко и трипати на ден топло јадење со месо и парче леб.

За општото добро и за сиромасите во Турција сите приложувале, како обичните смртници, посебно богатите Турци, исто така и високите царски службеници, дури и султанот. По смртта на султанот Бајазид II, откако биле направени завршните сметки од неговото владеење, се открило дека за помош на бедните потрошил огромна сума од 8.600.000 акчиња. Ексклузивен е случајот во врска со него, кога, по завршувањето на градежните работи од поправката на градските цариградски ѕидишта, разрушени по големиот земјотрес, приредил голема гозба, на која ги поканил сите видни граѓани и големодостојници. Покрај нив биле поканети и обичните граѓани, дури и сите градски просјаци. За сите нив бил употребен специјален прибор за јадење направен од сребро[5].

Сепак, таквите алтруистички грижи најилустративно се рефлектирале врз сложени и строги маалски комуникации. Маалото била социјална клетка во која така–речи и немало личен живот, зашто секој за секого знаел добро сѐ. Тоа, пак, од своја страна, многу благотворно влијаело врз грижливиот однос кон категоријата вдовици, сирачиња, болни и изнемоштени и напуштени старци, односно кон сите на кои им била нужна поткрепа, убав збор и материјална помош. Секогаш во ваквите прилики се изнаоѓал добротвор кој ја земал врз себе туѓата неола и упорно ја спроведувал грижата и вниманието, понекогаш пренесувајќи ја и врз своето поколение. Дел од облека, храна, зимница, брашно, дрва, дел од тукуштo закланото добиточе, се носело во сиро-

4 Стефан Герлах, **Дневник на едно пътуване до Османската порта в Цариград,** Отечествен фронт, София, 1976, 68.
5 Joseph von Hammer, **Historija turskog (osmanskoj) carstva,** 1, Zagreb, 1979, 282.

машниот дом, исто како кај најблизок род. И односите меѓу нив обострано биле такви: почит, посета, внимание што го изразуваат и го градат само најблиските и најискрените роднини и пријатели.

Меѓутоа, повторно, најизразита и најприфатлива и најчеста форма за посебна грижа кон бедните и отфрлените биле токму спомнатите јавни кујни, имаретите. Таму секогаш гладниот, отфрлениот, неспособниот и оној кој поинаку не можел да се снајде можел во секое време на ручек, но и на појадок и вечера, да најде бесплатна храна. Во првите векови трикатното јадење било вообичаено, подоцна, кога економската моќ на вакафот се намалила, месото исчезнало и наместо ориз се појавил бонгур (кршена пшеница) и истото се редуцирало само еднаш на ден, а во XIX и XX век само три месеци во годината и само двапати во неделата.

Немало град што не ја познавал институцијата имарет. Во помалите ги имало по еден или два, а во поголемите имало и на десетина. Ханс Дерншвам говори дека во Истанбул се наоѓале повеќе и дека во султанскиот се делела трипати на ден храна[6]. Во еден период во Солун, како што тврди Евлија Челебија, ги имало 16 [7]. Во Скопје, имарети подигнале: Исхак бег (1438), неговиот син Иса бег (1475-6), потоа Мустафа паша и Јахја паша итн[8]. Во 1463 год. во тетовското Теќе маало имарет подигнал синот на Исхак бег, Мехмед бег[9], додека во Охрид, според Е. Челебија имало три[10], според К. Шапкарев – два[11]. Е. Челебија тврди дека во Охрид слични чекори презела и Охридската архиепископија, па вели дека: **„Кога наутро и навечер од месијанаската кујна им делат храна на поповите, тогаш тие им делат обилна храна и на муслиманите“**[12].

Странските патници ги среќавале на секој чекор, дури нивните услуги и изобилно ги користеле. Латинскиот свештеник Бартоломеј, ерусалемски патник, кој на враќање од божјиот гроб се нашол и во Истанбул, во 1568 год., забележал: **„Турците имаат институции наречени**

6 **Дневникът на Ханс Дерншвам за пътуването му до Цариград през 1553-1555,** Отечествен фронт, София, 1970, 30, 116.

7 Evlija Čelebi, **Putopis, Odlomci o jugoslovenkim zemljama,** Prevod i komentar Hasim Šabanović, Sarajevo, 1967, 510.

8 Методија Соколовски, **Вакафи и вакафски имоти во Скопје и Скопско во XV и XVI век,** Прилози, МАНУ, VIII, бр. 2, Скопје, 1977, 35, 45, 57, 74, 76.

9 Г. Елезови�, **Турски споменици,** Књига I, Свеска 1, Београд, 1940, 56.

10 Методија Соколовски, цит. статија, 111.

11 К. А. Шапкарев, **Кратко историкогеогравско описание на градовитѣ Охрид и Струга,** III, 1901, 17.

12 Evlija Čelebija, cit. delo, 557.

**„имарет“, кои се завештанија на царевите и каде на сиромашните и на патниците им се дели храна. Некаде делат ориз како „чорба“ со месо, а во другите „бонгур“, т.е. нешто што се прави од пшеница, а за пиење им е водата“**[13].

Имаретот, ете, уште од првиот ден имал третман на големо богоугодно дело и секогаш се подигал како завештание, а во рамките на вакафот. Вообичаен било да се прилепи до богомолата, џамијата, но секогаш требало да биде на фрекфентни места и на дофат на граѓаните. За непреченото функционирање вообичаено било да се обезбедат трајни извори, со кои се плаќале вработените, но се купувале и намирниците. Тој морал да има кујна и трпезарија, а поголемите имале уште и остава, простории за преноќиште, штали, санитарен јазол, фурна и др. Храната ја подготвувале професионални кувари, пекари и др. Во тетовскиот имарет биле вработени овие и тие добивале: по еден леб и една чинија јадење добивал шејхот на имаретот, една ока леб и чинија јадење – готвачот, фурнаџијата, оној што го пробал вкусот на јадењата, магационерот, мајсторот за поправки на зградата, брашнарот, дуаџијата (оној кој ги повикува господата, кој се моли), мијачот на садовите, фодулаџијата (оној кој прави фодули, лепињи), сејачот на брашно, решетарот, тројцата емини, биберџијата, дрварот, двајцата читачи на разните делови од Куранот, писарот, имамот, собирачот на вакафските приходи, назирот, црквењакот и муезимот, додека мутевелијата (управителот) добивал четири ока леб и чинија јадење[14]. Услугите на имаретот, покрај вработените, патници, бедните и гладните, многу често ги користеле и учениците на медресите. За жал, имаретот неретко било врталиште и на градските денгуби и мрзи, кои без напор наоѓале решение за дневниот оброк.

Битола, како голем и развиен економски центар, понекогаш и важен административен јазол, исто така, ја познавала, како и сите поголеми градови, институцијата имарет. Низ вековите континуирано работеле два. Едниот бил побогат и попознат и бил во самиот центар на градот. Тој бил Исхак челебијниот, покрај комплексот на неговата, Исхак челејбијна џамија. Во 1508 год. веќе работел во рамките на вакафот, во кого имало библиотека, мектеб, медреса, две згради за преноќиште, кујна, трпезарија, остава, јавен санитарен јазол, штала и

13 Bartolomej Gregorijević, Običaji Turaka u XVI vijeku, Skoplje, 1926, 17.

14 Г. Елезови, цит. дело, 54-56.

др[15]. Во XIX век, според Еничерев бил познат под името „**Имаретница**“ и бил **„грамадно камено здание“** [16].

Вториот бил на Сунгур чауш беј. Во 1434 год. веќе работел, што ќе рече дека бил прв и бил активен до 1941 год. Се наоѓал во Имарет маало.

Кога првиот историчар на Битола, мајорот и директор на Воената академија, Мехемд Тевфик, вели дека Сунгур чауш бејовиот имарет се наоѓал покрај **„неговата џамија“** [17] тој не греши, зашто, всушност не мисли на џамијата која се наоѓала близу поранешниот Житни Пазар, ами на завијата што се наоѓале **„зад Керим беговиот амам“** [18] (кој, како руина и денес постои покрај ОУ „Ѓорѓи Сугаре“). Таа локација, всушност е онаа што е позната како Имарет маало и која се наоѓа на широчинката пред Старскиот дом и која и денес битолчани ја именуваат со тоа име (Имарет, Имарет маало). Постарите битолчани и денес го посочуваат местото каде што се наоѓал тој. Тоа бил всушност бавча и две згради на аголот на улиците „Илинденска“ и „Јане Сандански“ со број 79. Истото во 1974 год. премина во лична сопственост на Игбал Салиевски, доселеник – Турчин од Прилеп. Постапката за откуп од Јавното претпријатие за стопанисување е сосема легална и Салиевски поседува легална тапија. Во неа стои дека дворното место изнесувало 300 $м^2$, а двата објекта (имаретот) над 150 $м^2$ или вкупно 450 $м^2$. Денес во овој простор се подигнати две нови индивидуални згради на двајца сопственици, од кои едниот е Салиевски.

Според сеќавањата на Игбал и на неговата ќерка Фавзие, која сега е државјанин на САД, објектите што ги добиле со купувањето биле два и биле поврзани еден со друг. Помал бил оној кој го носел името„имарет“. Тој бил приземен, со низок таван, со 4x4 м. односно околу 15–20 $м^2$. Во него се влегувало од патчето што идело од портата од ул „Илинденска“ и се наоѓал од десната страна. Во него имало голем оџак, низа обесени дрвени лажици од најразлична големина, бакарни и други садови, полици, долапи, дибек и др. На средината постоела ниска камена и од тули градба од околу 2 м. должина и околу 1 м ширина. Двајцата сопственици не им ја знаеја намената. Во просторијата нашле

15 Dr. Hasan Kaleši, **Najstariji vakufski dokumenti u Jugoslaviji na arapskom jeziku,** Priština, 1972, 189.

16 Н.Г. Еничеревъ, **Въспоминания и бьльжки,** София, 1906, 352.

17 Мехмед Тевфик, **Кратка историја Битољског вилајета,** Братство, XXVII, Београд, 1933, 213.

18 Исто.

знаме испишано со арапски букви, кое, по добивањето на сопственоста го предале во Исхак џамија, каде, веројатно и сега се наоѓа.

Втората просторија, во која се влегувало од имаретот, била стамбена и служела за живеење. Се состолеа од една поголема и една помала просторија, ходник и чардак. Во нив 7–членото семејство Салиевски живеело долги години, додека не ја подигнало новата куќа. Бидејќи теренот е надолен, визбените простории и не биле визбени, па семејството ги преобразило во просторија за дневен престој. Некогаш во нив, според Игбал, се чувале прехрамбените намирници.

Пензионираниот учител по француски јазик од Битола Низамедин Азис (85 год.), чие детство поминало во близината зашто и родната куќа му била во близината, многу живо се сеќава на последните денови од животот на овој битолски имарет. Описот што го даде е оној истиот што го даде и Салиевски. Тој се сеќава и на делењето храна. Меѓу двете светски војни се делела двапати неделно (понеделник и четврток) во траење од три месеци (два месеца пред рамазан и во месецот на рамазан). Почетокот бил означуван најторжествено и во присуство на највидни граѓани–Турци од градот, на чело со муфтијата. Тогаш на гостите, испоседнати по долгите клупи во пространиот двор им се делел бонгур. Во другите денови за бонгур се чекало на ред. При делбата не се правела верска или национална диференцијација. Храната пред Втората светкса војна ја подготвувал оџата Расим, кој живеел во стамбениот објект сам. Повремено му помагала („за здравје“) некоја жена. Имаретот бил активен, според Азис, како што е и утврдено, до 1941 год.

Во вакафнамето на Сунгур чауш беј, напишано со арапско писмо во втората декада од 1435 год., со што тоа станува најстар ваков документ на Балканот и образец за сите следни што ќе бидат пишувани, нотирано е дека имаретот веќе суштествувал. Дури и прецизирано е дека 4/5 од приходите на вакафот требало да му бидат наменети нему, од што произлегува дека трошоците за него биле големи. Од приходите што ги добивал, најмногу ги имало од амамот (6.667 акчиња), од 44 дрекани (2.500 акчиња), од шесте воденици (2.368 акчиња) и од двете бавчи (45 акчиња)[19]. Подоцна биле вклучени и други приходи, меѓу кои и приходите од леринското село Пополжани.

Во вакафнамето стои: **„Па постави како услов една петина од приходите од вакафот на спомнатата текија да му припадне на оној кого мутевелијата ќе го постави како шејх, по обврска издржувањето на останатите слуги да падне на шејховиот терет и тоа од горенаведената**

19 Dr. Hasan Kaleši, cit. delo, 68.

**петина. Четири петини ќе се трошат за исхрана на сиромашните и бедните кои ќе свратат во оваа завија“** [20].

Слично како и Сунгур чауш беј и скопјанецот Мехмед бег, син на Исхак бег, во своето вакафнаме од 25.V.1463 год., нотирал дека: **„...сиот свој имот ѝ го завештува на сиромаштијата“** [21], за да додаде подолу: **„Ако нешто преостане од лебот и јадењето вон потребата на сиромашните во теќето** (бм. дервиште) **и за службениците во месџидот, нека им се раздели на сиромашните во маалото, да не се чува за утре“** [22].

И Синаудин Јусуф Челеби од Охрид, ја прифатил таа матрица и во 1491 год. (29 јуни – 8 јули), забележал дека тој **„... за божја љубов и надевајќи се на божјата наклоност, подигнал и изградил во центарот на заштитениот Охрид цветно завие и школо за муслиманските сирачиња и бедните, за да биде нивен престој и место за одмор, за оние кои одат и доаѓаат, за намерниците и патниците, муслиманите кои живеат во него... за научниците, големците, шејховите, господата и заповедниците, но да не биде наменето само за големците, туку сиромасите и бедните да имаат предимство, зашто ним им е потребна оваа услуга, бидејќи тие се со скршено срце, а сособено** (да биде наменета – б.н.) **за чесните сиромаси, сирачињата и вдовиците кои живеат во споменатиот заштитен (град), зашто ним е најнеобходна оваа услуга“** [23].

Колку чинел еден оброк, податок ни дава вакафнамето на Кебир Мехмед Челеби од Скопје, напишано на 3.II.1470 год., што ќе рече 35 год. по битолското вакафнаме. Таму се определува и на кого треба да им се дава храната: **„... за странците кои доаѓаат и си одат и за сиромаштијата и бедниците и тоа на следниот начин: за месо–4 аспри (акчиња), за ориз–2 аспри, за оној што ги пали свеќниците–1 аспра, за дрва–2 аспри, за сол–1 аспра на ден“** [24].

Во Имарет џамијата, во Охрид, според Е. Челебија **„наутро и навечер, на господата и бедните, на стар и млад, муслиман и христијанин, се дели по една чинија чорба и по едно парче леб“** [25]. И во Солун според истиот известувач **„вкупно на 16 места има такви добротворни установи ... во 7 од нив се готви наутро и навечер и на секој богат или беден, на невернички магепсник или на Циганин бедник и**

20 Isto, 81.

21 Г. Елезови, цит. дело, 44.

22 Исто, 81

23 Dr. Hasan Kaleši, cit. delo, 131–142.

24 Г. Елезови, цит. дело, 141.

25 Evlija Celebi, cit. delo, 561.

**скитник се дава по еден тас чорба и по еден леб, со што им се осигурува исхраната“** [26].

Ако се знае дека во некои имарети храна се делела и по трипати на ден, тогаш сосема е јасно зошто мамутскиот дел од трошоците го имале токму овие институции во склопот на вакафот.

Како во сите имарети од ова време, исто така и во Сунгур чауш бејовиот се готвело катадневно. Тоа е случај и во XVII век. Поѓајќи од еден список на дуќаните чија ќирија се употребувала за дневните потреби од сол и масло во 1647 год. може да се дојде до тој заклучок[27]. Ваквиот ангажман барал и постојано вработени лица, најмногу онакви кои ја готвеле храната. Во 1656 год. како кувар бил вработен некој си Сулејман, а пред него на тоа место работел Али Мустафа[28].

Според изразената желба на донаторот, како прв управител на вакафот после него, требало да биде неговиот син Мустафа. Во вакафнамето се предвидувало и кој ќе биде и по смртта на синот, па се прецизирало: **„...кога тој ќе умре, тогаш најпаметниот негов син кој ќе остане, па синови на неговите синови, од колено на колено, од поколение на поколение, најпаметниот по најпамаетниот. А кога ќе умрат синовие и синовите на синовите, тогаш неговите ќерки, потоа синовите на неговите ќерки. А кога изумрат синовите и ќерките, Алах нека чува од тоа, тогаш неговиот најдобар ослободен роб, потоа најдобриот негов син, и неговите деца, според гореспоменатиот распоред за синовите“** [29].

Како одел тој распоред по синот Мустафа засега не е познато, меѓутоа во 1623 год. за мутевелија била назначена Рабие, за која се вели дека е **„мутевелија и дете на спомнатиот увакуфател“**. Таа со писмо до султанот побарала да биде ослободена од тоа тешко задолжение и предложила на нејзиното место да биде назначен нејзиниот сопруг Мурат, син на Абдулах[30]. Во 1656 год. како шејх на имаретот се појавува Али ефенди, кој истовремено бил и имам во џамијата Хаџи урем. Бидејќи заминувал од Битола за извесно време, побарал на неговото место да биде поставен Хасан челеби[31].

---

26 Isto, str.

27 Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Битолски кадиски сиџили,** сиџил бр. 11, 6 август 1647.

28 Исто, сиџил бр 14, 6 април 1656 год.

29 Dr. Hasan Kaleši, 82.

30 **Турски документи за историјата на македонскиот народ,** серија прва, 1607–1699, том I, Архив на Македонија, Скопје, 1963, стр. 128, д. 190.

31 Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Битолски кадиски сиџили,** сиџил бр 16, 1656 год.

За жал, разните управители континуирано го грабеле големиот имот и богатството на вакафот, заради кое приходите секнале, па се дошло, според Тевфик, во почеток на XX век, како што ќе следи и во времето меѓу двете светски војни, храната да се редуцира само на симболични три месеци во годината и да се дава само еднаш дневно и тоа два дена во неделата. Со тоа основната функција на имаретот се изгубила и тој остана само спомен на една голема желба и една голема алтруистичка намера.

Тоа е скратен дел од историјата на имаретот на Сунгур чауш беј, пополнет со податоци што се сочувани за него. Останаа уште две отворени прашања на кои мора да се одговори: кој бил Сунгур чауш беј и зошто е избрана локацијата на Имарет маало.

Иако Сунгур чауш беј имал големо значење за Битола како личност која остави видливи градежни и други траги, податоци за неговиот живот, за жал има сосема малку. Хасан Калеши, кој се обиде да пронајде некои, консултирајќи бројна литература, остана разочаран од потфатот, па и тоа што го даде беше она што се знаеше во Битола за него. Поаѓајќи од презимето Абдулах, претпоставуваше дека е од христијански род, дури како што укажуваат турските битолски преданија и дека бил замен како девширме (данок во крв) при османското освојување на градот. Станал еден од високите личности во воената хиерархија на војската на султан Мурат II („маршал" – вели Тевфик). Учествувал во бројни битки, како и во оние што се воделе во Албанија. Враќајќи се од Албанија, според Тевфик, поминал низ Битола, па местоположбата на градот многу му се допаднала по што дал молба до султанот остатокот од животот да го продолжи тука. Ако, пак, потеклото му е битолско, тогаш емотивната врска со родното место и носталгијата по него, никако не треба да се игнорира во решението.

Во периодот 1435–1437 год. патува на аџилак и отсега натаму пред неговото име стои ласкавиот атрибут „хаџи".

Сунгур чауш беј станал богат човек. Неговите имоти биле во три града: Едрене, Видим и Битола. Имотот му се состоел од недвижности (дуќани, анови, амами, села и др.) но и од суво злато.

Како добротвор и градежник, во Битола подигнал неколку крупни објекти за ова време. Тоа биле џамија, завија, амам, ан, потоа 44 дуќани, 7 воденици. Имал и село како имот (Пополжани–Леринско), лозја, бавчи и др. од кои влечел значителен профит.

Во 1435 год. решил дел од тој имот да го дародава, односно да го увакуфи. Според обичајот подготвил за тоа официјален документ (ва-

кафнаме) и заедно со 30.000–те дирхеми (златници со ликот на султан Мурат II) ги оставил како материјална подлога за непречено работење на имаретот, џамијата, завијата и медресата. Предходно направил уште едно богоугодно дело, мост преку реката Драгор и тој, покрај оној на Дели Шахин, кој е прв, е еден од најраните.

Во Битола, според М. Тевфик, живеел во Кара оглан маало од подоцнежниот период, во куќата која била подигната на местото на која подоцна се наоѓал домот на Евреинот Куче.

Калеши тврди дека Сунгур чауш беј починал по 1439 год. но точниот датум на смртта не можел да го пронајде. Тој датум не му е познат и на М. Тевфик. И обајцата не знаат нити каде е закопан.

Има едно битолско предание кое го наведува Тевфик за последното појавување на ктиторот пред своите сограѓани. Тоа, според него се случило во неговиот имарет. Дошол тука за последен пат, зел една од големите дрвени лажици со кои се подготвувала храната, промешал со неа во казанот и пред очите на присутните – исчезнал. Никој повеќе не го вишол и никогаш повеќе не се појавил ни тука нити во Битола нити било каде на друго место.

Имаретот, според Тевфик, одеднаш станало свето место за битолските муслимани и побожните многу радо сакале да го посетуваат.

Инаку, познато е од муслиманската традиција дека свети места станувале многу често оние каде што биле закопувани побожни или свети мажи. Таму потоа се одело да се палат свеќи и кандила и поединецот да се моли за здравје. Причина ова место да го добие тоа значење веројатно е гробот што се наоѓал во кујната на имаретот.

Кој можел да биде закопан таму?

Преданијата на битолските муслимани тврдат дека таму почива Сунгур чауш беј. **„Меѓу двете светски војни ние сите тука доаѓавме да се поклониме на гробот на Сунгур чауш беј“**, вели стариот учител Низамедин Азис. Многу живо се сеќава како доаѓал со таткото за рака и како таткото, токму пред гробот му ги велел зборовите: **„Памети, сине, тука почива свет маж, Сунгур чауш беј!“**.

Веројатно ако Калеши направел постудиозни истражувања и ако влезел внатре во имаретот, ќе го забележел и ќе го регистрирал гробот.

Впрочем ваквото закопување на ктиторите покрај или внатре во објектите што ги подигале не е ново. Многумина тоа посмртно ќе го доживеат и многумина почиваат во своите завештанија.

Да се лоцира имаретот не во тесното градско подрачје, онаму кадешто ќе никне подоцна вториот имарет, Исхак челебиниот, моти-

вирано е , најверојатно, од три причини: намерата да им се обезбеди храна на жителите на завијата, населеноста и фрекфентноста во овој простор. Битола во XV век веќе се искачувала по ридот од левата страна на реката Драгор. Муслиманското население е она што е освојувач. Лоцираноста на првите исламски богомоли и другите објекти од профан карактер, сигурен индикатор се. Муслиманското население се до 20–тиот век не само што е доминантно тука, ами е и исклучиво. Првите доселеници христијани, според семејното предание на семејството Сајковци, кое ни го пренесе Марија Петровска, пензионер од Битола, и жител во ова маало, биле трите семејства: Сајковци, Николовци и Ропотовци. После нив, некаде по Првата светска војна, доаѓаат и други и маалото започнува да се христијанизира.

Овде отсекогаш врвела една од главните меѓуградски артерии, онаа што идела од Прилеп, а поаѓала за Охрид. Отстаток нејзин е денешната улица „Илинденска“, која почнува од јазолот кај Бумбе маало, па оди до Крива Воденица. До наше време, односно до пробивањето на улицата „Иван Милутиновиќ“, оваа артерија, се разбира во помал интензитет, се користела за таа поврзувачка намена. Караваните и поединците ја газеле малата и плитка Братиндолска река над Топла Вода и излегувале на патот за Охрид. Кога, пак мост (или мостови) постоеле само во потесното градско подрачје, во близината на Безистенот и кога Црн Мост (XIX век) служел само за пешаци, тогаш алтернативната „Илинденска“ улица ја имала предноста. Сега е јасно зошто токму до платото на Старскиот дом се наоѓало и коначиште за патници во минатото.

Сето тоа Сунгур чауш беј го имал во предвид и сосема оправдано својот имарет го лоцирал на ова место.

Јордан СТОЈАНОВСКИ

# Битолско ракописно наследство од XIV и XV век

До пред 10–15 години, речиси сите ние имавме една погрешна, школска претстава за македонскиот Среден век како културен и посебно како литературен вакуум, ретко населен со по некоја творба. За оваа наша книжевна формација појасна претстава имаме последниве години, благодарение на неколкумина вредни литературни историчари кои ги продолжија истражувачките потфати на Б. Конески и на Х. Поленаковиќ. Меѓу нив посебно се истакнуваат: Вера Стојчевска – Антиќ, Михајло Георгиевски, Ѓорѓи Поп–Атанасов и др.

Навистина, по згаснувањето на Охридската книжевна школа, веќе нема да имаме таква, високоорганизирана и толку квалитетна просветителска и книжевна дејност, каква што беше во Климентово време, т.е. кон крајот на IX и почетокот на X век. Македонија многу векови ќе биде под туѓинска власт. Но и тогаш, иако под многу тешки услови, традицијата никогаш не е сосем прекината. Така и XIV и XV век кои се тема на оваа традиционална трибина, претставуваат своевиден континуитет во долгата дијахронија од првоучителот Климент до нас, неговите духовни чеда и следбеници.

Во XIV и XV век, во македонските скрипторски центри, сместени по црковните и по манастирските комплекси (Лесново, Марковиот манастир, Трескавец, Слепче, Жеглиговскиот манастир и др.), главно се создаваат дела со црковна содржина: евангелија, служебници, хагиографи, октоиси, псалтири и др., но и популарни неканонски творби – апокрифи од богомилска провениенција, потоа патописи, и – веќе се

преведуваат на македонско – црковнословенски јазик првите средновековни раскази и романи.

Сега веќе, по обемните истражувања на литературните историчари можеме да составиме една мала плејада од наши писатели кои создаваат во ова време: Станислав (Лесновски центар), исаија Серски (напишал автентичен расказ/повест за наездата на Турците во Македонија), патописецот Арсенија Солунски, потоа мошне учениот Владислав Граматик, талентираниот Димитрија Кратовски и др.

Освен нив, ширум Македонија, се разбира и – во Битола и Битолско, создавале и помалку познати или сосем анонимни свештеници, пустиножители, дијаци и други, како што се потпишувале, „многугрешни" оци, кои по сиромашните црковни конаци, по скитовите и манастирските ќелии, скромно и смерно, по мерка на својата грамотност и дарба, препишувале свети книги, мешајќи ги еровите и јусовите и додавајќи по некој народски, „простејши" збор. За што искрено се извинувале. На маргините, пак, од пергаментите, оставале записи, како неми, а сепак, многузборливи сведоштва за себе и за своето време. Како што ќе рече подоцна еден наш виден Македонец од Лазарополе, „ето, да се зноет, на оваја сенет".

Бидејќи на трибината за Битола во XII и XIII век немало прилог со ваква тема, сега само информативно и заради континуитет, сакам да се надоврзам на трудот на д-р Вера Стојчевска – Антиќ, каде станува збор за најстарата словенска писменост во овој регион (X–XI век). Сакам да ја спомнам ракописната книга позната како „Октоих изборен битолски", стручно опишана од професорот Владимир Мошин. Октоихот е всушност богослужбена книга, со песни поделени на осум гласови – сомогласник. Наречен е изборен затоа што претставува еден вид избор, селекција/антологија по жанрови и по гласови. Песните се воглавно преведени од грчки на старословенски од страна на Св. Кирил и Св. Методиј за потребите на моравската мисија.

Во текот на излагањево ќе укажам и на еден краток запис направен врз Болонскиот псалтир, кој е во врска со Битола.

Сега за еден прегаментен ракопис од XIV век.

Вредниот и педантен библиограф Ѓорѓи Поп – Атанасов, во својот „Речник на старата македонска литература" изнесува податок за една литургиска книга, позната како Служебник, всушност зборник на текстови наменети за вечерна и за утринска богослужба. Автори се познатиот христијански говорник Јован Златоуст, Василиј Велики и др. И овие текстови се моќне стари и за потребите на првата словенска

христијанска црква организирана во Моравија, ги превеле светите солунчани Кирил и Методиј. Како неопходна, прирачна литература, Службениците често се препишувале по нашите скрипторски центри. Така, познат е Службеникот на протопопот Јоан од Кратово, друг од Лесновскиот центар, потоа уште еден, од XIV век, кој се чува во Софија.

Најпознатиот ракопис, пронајден овде, во Битола, кој потекнува од втората четвртина на XIV век и кој, за среќа се чува кај нас во НБМ е познатото Четвороевангелие битолско.

Ракописот е, како што укажува и М. Георгиевски, фрагментарен, без почеток и крај, со зачувани 58 пергаментни листови, многу оштетени, така што текстот е тешко читлив.

Писмото е кириличен устав, а јазичката редакција, како што може да се очекува за овој период, е српска, со правописни црти од Рашката школа (ъ>Ø, доследно се чува само ь); од интерпункциските знаци се употребуваат само точка и две точки. Препишувачот употребувал: за текстот црно, за почетокот и за крајот на главите црвено, а за почетните големи букви портокалово мастило, кое со време речиси целосно избледнело.

Орнаментите освен едно знаменце претставено со плетенка од растителни елементи, не се зачувани.

Зачувани се три записи на маргините, од кои сега ќе цитирам само една на пергаментниот лист пагиниран како 24:

„ОХЬ ШТО ПАТИХЬ ОТ ПОМИШЛЕНИЙ НАШИХ БОЖЕ МОЙ ИЗБАВИ МЕ ОТ ПОХОТ“. Станува збор за мошне интересен запис кој бара дополнително студирање. Сега ние можеме само да претпоставиме, запрашувајќи се, какви ли тешки битки се воделе во душата на анонимниот запишувач, кој уплашен од плотската сила во себе, се молел богу, барајќи спасение и избава „от похот“.

Кон записите треба да се однесуваме со поголемо внимание. Не заради тоа што содржат драгоцени податоци за запишувачот и за неговото време. Не и само заради јазикот во чија структура ги забележуваме промените од синтетичка кон аналитичка форма. Една мала актанцијална експертиза во овие записи ќе открие семантички јадра кои во себе содржат висока концентрација на драматизам. Нашите современи писатели нив треба почесто да ги читаат зашто таму освен силна инспирација, ќе пронајдат и готови структурни нуклеуси кои треба само да се равијат; такви какви што се, со универзални антрополошки пораки, не само кај нас, туку и во светската литература ќе прозвучат современо и модерно.

Еве еден таков запис, направен врз Болонскиот псалтир, на 128 пергаментен лист. Текстот, „хоризонтално“ прочитан има референцијален карактер: дава податоци за тоа како јеромонахот Данаил во Битола си го купил псалтирот, плаќајќи му на граматикот Тодор два перпера и две обетки. Текстот гласи:

**„Сиѧ книгꙑ коупихь сѧ оть граматика Теодора одъ равнеи и дахь азь Ѥромонахь даниль грѣшѧнꙑ попадинꙑ си обеди позлащенꙑ и двѣ перьперѣ срѣдѣ града въ Битоли“.**

На крај, пред да завршам, не можам а да не направам една мала тематска дигресија,спомнувајќи еден битолчанец од XV век, со мирско име Никола, а со монашко Св. Нектариј, наречен уште и Битолски. Овој светец се прославил престојувајќи многу години во строгата светогорска карејска ќелија, каде уште за време на својот живот правел подвизи кои подоцна ги опишале неговите хагиографи. Култот на Св. Нектариј Битолски е раширен и надвор од нашата земја.

* * *

Битолското ракописно наследство од XIV и XV век е составен дел од импозантното македонско твоештво, кое денес, за жал, е растурено насекаде, речиси по сите попознати европски универзитетски центри, библиотеки и музеи. Нашите преродбеници зборуваат за манастири и цркви пребогати со вредни старословенски ракописи. Џинот на пример сведочи дека во с. Буково, во храмот Успение имало 20 товари книги (!) кои без трага исчезнале.

Старите ракописи се создавани со љубов и во тешки времиња. Авторите – учени и самоуци, познати и анонимни – не пишувале на политирани маси, на фина и бездрвна хартија, туку во полутемни и студени ќелии, на груби пергаменти од кои, поради недостиг, го бришеле пртеходно напишаниот текст. Речиси без никаква награда, само како завештанија и аманети, за спасение на душата.

Овие големи христољупци се чувари на – како што рече Конески – светото кандило запалено од првоучителот Климента. Тие, во една историска злодоба ќе ни го дочуваат јазикот. А токму нашиот, македонски јазик, тогаш кога сме биле без држава и апатриди, бил нашата единствена татковина.

**Трактат за јеромонахот Данил**

Записот на јеромонахот Данил може да се прочита и „вертикално“, со помош на Грејмасовиот актанцијлен модел, кој претставува

структурална „снимка" на драмата како целина или на нејзините композициски делови. Со помош на овој метод, одлично применет во научната и во педагошката практика на францускиот тетраолог Ан Иберсфелд, текстот може да се згусне на основна актанцијална реченица, со нејзините главни синтактички елементи/актанти: субјект, предикат и објект. Целта на Греимас и Иберсфелд е во разновидноста на приказните да се откријат мал број односи „меѓу поимите кои се многу поопшти отколку што се ликовите и дејствата". Значи се трага по елементарни единици (натаму неделливи), кои Проп ги нарекува dramatis personae, Сурио функции, а Греимас актанти. Актанцијалниот модел што го предлага Иберсфелд има вакви релации:




Лингвистичката природа на моделот се состои во тоа што истиот може да се прочита како реченица, во која кон основниот пар субјект – објект гравитираат уште четири други актанти кои имаат различни функции: адресантот ($A_1$) со кој го генерира дејството на субјектот (најчесто е некоја психолошка мотивација), адресатот ($A_2$) или добитникот на дејството, помошникот (По) кој го помага и противникот (Пр) кој го оневозможува дејството.

За да биде оперативен, моделот се пополнува со ликови (актери) од текст што се анализира. Таков текст во случајов е записот кој, како што нагласивме, сакаме да го претставиме како виртуелна драмска ситуација. Овде субјект, т.е. актант со компетенција да дејствува е јеромонахот Данаил, а објектот на неговото дејство е октоихот. Адресат ($A_2$) односно добитник повторно е Данил ($С=A_2$) (зашто книгата си ја купил за себе). Адресантот ($A_1$), внатрешниот агенс – придвижувач на дејството можеме да го означиме со терминот библиофилија (љубов кон книгата). Во записов помошникот (По) е отсутен актант, а проти-

вник (Пр) е попадијата со чии обетки попот си купил книга. Сега веќе моделот е пополнет со ликови и може вака да се претстави:




Главната пропозиција содржана во парот С–О: „Данаил купува книга“ е проширена од другите актанти ($A_1$, $A_2$, По и Пр) во актанцијална реченица, која може (сп. Тениер) да се земе како реченица – драма. Без овие актанти, дејството искажано со горната пропозиција дури и за еден запис е банална и има само референцијална вредност: некој јеромонах, од некого (граматикот Теодор од Рамне) си купил во Битола книга.

Да се потсетиме од теорија на литературата: драма има ако е дејството на јунакот оневозможено. Но потребен е уште еден, многу важен услов: дејството да е мотивирано, односно за ликот – субјект истото да биде единствена алтернатива и сите негови сили да бидат фокализирани кон објектот, кој за него е егзистенцијална опција. Мотивацијата е артикулирана во т.н. психолошки триаголник:




Сега, во врска со овие актанцијални релации да го земеме предвид исказот:

„(...) **и дахь азь Ѥромонахь Даниль грѣшѧны попадины си обеди позлащены и двѣ перьперѣ** (...)“ кој отвора прозорче во една претпоставена драмска ситуација или кулминативен чин на една драма со главен актер – многугрешниот јеромонах Данаил, мал човек, а голем книгољубец, кој ќе направи подвиг, зашто освен последните два перпера, тој ќе ги даде и позлатените обетки на својата сопруга, кои, можеме да претпоставиме: некогаш, во среќен миг, ѝ биле подарени со домаќински благослов, како нишан за строј, свршувачка или свадба. Дејството е лирски интонирано, но со речиси епски димензии.

Главниот актенцијален пар С–О со актантот Противник го формира т.н. активен (или драмски) триаголник:




Овој триаголник е дефинициoното подрачје на конфликтот: зар нашиот јунак спокојно и без тревожна размисла ги трампил позлатените женини обетки за поетска збирка? Логична е хипотезата дека тој бил во тешка дилема, зашто се нашол меѓу две алтернативи меѓу себе непомирливи: или – или. Ваквата дилема, со драматуршки добро аргументирани алтернативи овозможува силна тензија.

Записот го бара својот мајстор!

А ние, му се восхитуваме на јеромонахот Данил кој овде, „среде града в Битоли“, направил подвиг; купувајќи поезија за два перпера и две позлатени обетки, тој всушност си купил – видело.

# СОДРЖИНА

**Александар Стерјовски**

Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

**Кочо Сидовски**

Битола и Битолско во XIV и XV век до потпаѓањето под турска власт . . . . . . . . . . . . . . . . . 7

**Гордана Филиповска Лазаровска**

Археолошки наоди од XIV и XV век од црквата Свети Димитрија во Битола . . . . . . . . . . . 15

**Радмила Петкова,**
**историчар на уметност конзерватор-советник**

Битола во XIV и XV век . . . . . . . . . . . . 21

**Ѓорѓи Димовски – Цолев**

Завладување на Битола од Турците . . . . . . . . 27

**Александар Стерјовски**

Првиот битолски имарет . . . . . . . . . . . . 39

**Јордан Стојановски**

Битолско ракописно наследство од XIV и XV век. . 51

**Издавач:**

Факултет за учители и воспитувачи-Битола

Библиотека: *Историски теми*

*

**За издавачот**:

Проф. Симеон СИЛЈАНОВСКИ, акад. сликар - декан

*

**Одговорен уредник:**

Д-р Александар СТЕРЈОВСКИ

*

**Технички уредник:**

Д-р Трајко ОГНЕНОВСКИ

*

**Секретар на редакција**

Гого СТЕРЈОВСКИ

*

**Компјутерска подготовка:**

Пеце ИЛИЕВСКИ

*

**Печати:**

АД Печатница „Киро Дандаро“ - Битола

Тираж:

300 примероци